   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

7. Урбанистичкиот проект содржи и Проектен дел, во кој се дадени Идејни проекти за сите новопроектирани градби.

8. Намената на градежната парцела е преземена од важечкиот *Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3*, а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22) и истата е одредена како:

- **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

9. Сите постојни градби во рамките на проектниот опфат се вклопени во урбанистичкото решение и за истите е зададена информативна линија во склад со Член 100 став (3) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

10. Намената во комплексот е:

    Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

    Дел од поединечните површини за градење и земјиштето во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

    Сите овие комплементарни намени се дополнување на главната намена и се во функција исклучиво за остварување на основната намена и се дефинирани во табеларен (нумерички дел) од овој Урбанистички проект.

11. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

    Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

    Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

    Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

    Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, планирана е 1 (една) градежна парцела со намена **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Во табеларниот приказ што е составен дел на урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, прикажана е градежната парцела и дефинирана со:

- број на градежна парцела;

- површина на градежна парцела (m²)
- површина за градење (m²)
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (m²)
- коефициент на искористеност (k);
- намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на градбата (m’);
- максимален број на катови;

    Сите овие одредби се одредени согласно претходно зададеното со важечкиот *Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3* и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

    За новопредвидените градби зададени се коти на приземна плоча, изразени во м.н.в. (метри надморска височина), а одредени согласно проектираното нивелетско решение на внатрешното асфалтирано плато од каде се пристапува до градбите. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од овие зададени вредности (до ± 30 cm).

Максималната височина на градбите до хоризонталниот венец се пресметува во однос на овие утврдени коти.

12. За новопредвидените градби од инфраструктура планирани се поединечни површини за градење ограничени со градежни линии во чии рамки може да се градат сите инфраструктурни градби како резервоари, потстаници, спринклер системи, јами и друго.

13. Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни баџи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

14. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен од Инвеститорот со Проектната програма согласно реалните потреби, а во склад со одредбите на Член 134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

15. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

    Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско, средно и високо зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

    Оваа одредба станува составен дел на условите за градење.

16. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.

17. За градежната парцела 22.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата. Истото ќе се доразработи при изработката на основните проекти за

градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбите од тие проекти.

18. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти за градежната парцела 22.1, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

19. На кровните површини од сите градби во проектниот опфат можно е поставување на фотоволтажни панели за делумно задоволување на сопствените електроенергетски потреби.

20. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

21. Комуналниот отпад – сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

22. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

23. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

24. Согласно добиен допис од АЦВ со бр 12-8/581 од 21.12.2021 опфатот се наоѓа во зона на Меѓународен аеродром Скопје, во тн хоризонтална рамнина со елевација 283мнв, односно на 2511м источно од референтна точка на аеродромот каде се пропишани посебни услови, кои е потребно да се почитуваат од аспект на безбедноста на воздушен сообраќај. Имајќи го во предвид прехотнодното, согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е да се запазат следните одредби :

    - максимална височна на било кој објект или надземна структура во зафатот да не ја надминува елевацијата од 283мнв.

    - во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.

    - надворешно осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земјата

- издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м

Заради следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до АЦВ да достави проектна документација (УП или Основен проект) со барање за издавање на согласност или издавање на соодветни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај доколку објектите или планскиот опфат имаат содржини спротивни на претходно наведените.

25. Во целост да се почитуваат Мерките за заштита и спасување, побарани со дописот од ДЗС Гази Баба, бр. 09-401/2 од 26.12.2021 година.

<u>Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи</u>

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството, како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 231/20), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ број 26/18), Правилникот за суштинските барања за градежните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 74/06), Правилникот за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати („Службен весник на Република Македонија“ број 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба („Службен весник на Република Македонија“ број 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи. Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати,

според пропишани стандарди. Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- со урбанистичкото решение предвидена е хидрантска мрежа.

Со изработка на документацијата треба да се почитуваат мерките за заштита од пожари согласно ширината на пристапниот пат за ПП возила, која не смее да биде помала од 5,5 метри, и да се предвидат надворешни пп хидранти. Да се овозможи непречен пристап за ПП возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Меѓусебното растојание на градбите при проектирање и изведување треба да е 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помалку од 8 метри.
Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект предвидена е надворешна хидрантска мрежа во склад со Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ број 26/18).

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание не поголемо од 80m. Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара. Внатрешната хидрантска мрежа во објетите ќе се решава во понатамошните фази, при изработка на основни проекти за градбите. Решението на внатрешниот сообраќај овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила. Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии. Во понатамошната изработка на основни проекти, задолжително да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења („Службен весник на Република Македонија“ број 101/2000). Предвидената сообраќајна инфраструктура за пристап е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и овозможува непречена интервенција на противпожарните возила. Падот на улицата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај.

<u>Заштита и спасување од урнатини</u>

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, како и при изготвување на овој Урбанистички проект и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите. Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните

добра. Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства:

- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.
- од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др.,
- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексплодирани убојни средства и др.

Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи. Во Урбанистичкиот проект е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зоните на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение. При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9° по МЦС скалата. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини. Во случај на можни разурнувања, планираното сообраќајно решение обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на основните проекти. При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на птимално отпорни објекти согласно сеизмолошка карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

<u>Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди</u>

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

<u>Заштита и спасување од свлекување на земјиштето</u>

Со оглед на конфигурацијата на теренот, по насоките од Дирекцијата за заштита и спасување е препорачано е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

<u>Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи</u>

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа
- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:
- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, дихлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

<u>Засолнување</u>

Согласно член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РСМ 93/12), засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови. Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија“ број 80/05). Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 93/05). Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва. На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

26. Во врска со застапеноста на мерките за заштита и спассување од страна на Дирекција за заштита и спасување – ПО Гази Баба, добиено е Мислење со бр. 09-347/2 од 21.10.2022 каде се констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени.

27. Во врска со застапеноста на мерките за безбедноста на воздушниот сообраќај, од страна на Агенција за Цивилно Воздухопловство добиено е Позитивно мислење за Урбанистички проект со бр.12-8/1058 од 03.10.2022, со напомена дека Проектната документација (Основен проект) потребно е да се достави пред усвојување до АЦВ со барање за издавање на Согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на

воздушниот сообраќај, а врз основа на член 68 од Законот за воздухопловство со цел следење, заштита и контрола на просторот заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

28. Во врска со исполнување на тематски и тополошки аспект на урбанистичкот проект, од Агенција за катастар на недвижности по извршен увид доставен е допис – Мислење за утврдена состојба со бр. 0939-13807/1 од 03.10.2022 во кој сме известени дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

29. За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3.

Предмет на разработка е градежната парцела 22.1, претходно зададена со важечкиот *Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3*, со вкупна површина од **55169m²**.

Градежната парцела ГП 22.1 е планирана со намена

Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела :	**55169 m2**
Максимален дозволен % на изграденост	**27%**
Максимален дозволен коефициент на искористеност	**0,27**
Максимално дозволена површина за градење	**14850 m2**
Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат	**14850 m²**
Површина под зеленило	**20535 m2 (37%)**
Максимална висина на венец	**12,60m'**
Катност	**П**
Максимален агол на кров	**35°**
Максимална елевација	**283мнв**

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ			
намена на површини	намена	површина на парцели	процент
-	шифра	m2	%
Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	Г2	55169	100.0%
-	-	55169m2	100.0%

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот *Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3*:

СОГЛАСНО *Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од 2008г. согласно решение бр. 16-8774/3 од 01.02.2009г, за кој е добиен официјален допис од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот од 17 Март 2022 со арх.број. 21-880/3*

Блок 22, ГП 22.1

Површина на градежна парцела :	55169,27m2
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	38618,489m2
Површина под зеленило	3762,74 m2
Максимална висина на венец	17m’
Наменска употреба на земјиште	Г

СОГЛАСНО Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за разработка на ГП 22.1 од Блок 22 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден

Блок 22, ГП 22.1

Површина на градежна парцела :	55169 m2
Максимален дозволен % на изграденост	27%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	0,27
Максимално дозволена површина за градење	14850 m2
Површина под зеленило	20535 m2
Максимална висина на венец	12,60m’
Наменска употреба на земјиште	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Катност :	П

Површина за градење 22.1.1

Тип на градба: Постојна фабрика, со предвидени доградби и тех.опрема

Висина на венец: Н=9.00м' (Постојна) / 5.00м’ / 12.50m’ / 12.60m’

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.50)

Комплементарна намена : Б4 *Вкупниот процент на искористеност на комплементарните намени во рамки на градежна парцела не смее да изнесува повеќе од 40%*

Површина за градење 22.1.2

Тип на градба: Објект за обезбедување

Висина на венец: Н=3.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (259.00)

Површина за градење 22.1.3

Тип на градба: Тоалети

Висина на венец: Н=3.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (259.00)

Површина за градење 22.1.4

Тип на градба: Пречистителна станица

Висина на венец: Н=1.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.00)

Површина за градење 22.1.5

Тип на градба: Плинска станица

Висина на венец: Н=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.0)

Површина за градење 22.1.6

Тип на градба: Магацин

Висина на венец: Н=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.0)

Површина за градење 22.1.7

Тип на градба: Магацин

Висина на венец: H=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.50)

Површина за градење 22.1.8

Тип на градба: Спринклер систем и спринклер пумпа

Висина на венец: H=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.50)

Површина за градење 22.1.9

Тип на градба: Работилница

Висина на венец: H=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.50)

Површина за градење 22.1.10

Тип на градба: Ладилник

Висина на венец: H=5.00м'

Број на катови: П

нулта точка (мнв) ±0.00 (260.50)

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ																
површина на проектен опфат	број на градежна парцела	површина на парцела (m2)	број на градби	намена на парцела	вид на градба	комплементарна намена	нулта точка (мнв)	max висина	катност	Р(m2) намена	Р(m2) / градба	бруто Р (m2) / развиена	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	паркинг места	комплементарна намена
55169m2	22.1	55169m2	22.1.1	Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	Постојна фабрика со предвидени доградби и техничка опрема	**Б4** - Согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22)	±0.00 (260.50)	H=9.00м' (Постојна)/ 5.00м' / 12.50м' / 12.60м'	П	14850m2	13972m2	13972m2	27%	0.27	10 паркинг места за товарни возила, 4 паркинг места за автобуси, 156 паркинг место за автомобили	Вкупниот процент на искористеност на комплементарните намени во рамки на градежна парцела не смее да изнесува повеќе од 40%
			22.1.2		објект за обезбедување	-	±0.00 (259.00)	H=3.00м'	П		21m2	21m2				
			22.1.3		тоалети	-	±0.00 (259.00)	H=3.00м'	П		22m2	22m2				
			22.1.4		пречистителна станица	-	±0.00 (260.00)	H=1.00м'	П		83m2	83m2				
			22.1.5		плинска станица	-	±0.00 (260.00)	H=5.00м'	П		106m2	106m2				
			22.1.6		магацин	-	±0.00 (260.00)	H=5.00м'	П		88m2	88m2				
			22.1.7		магацин	-	±0.00 (260.50)	H=5.00м'	П		88m2	88m2				
			22.1.8		спринклер систем и спринклер пумпа	-	±0.00 (260.50)	H=5.00м'	П		396m2	396m2				
			22.1.9		работилница	-	±0.00 (260.50)	H=5.00м'	П		48m2	48m2				
			22.1.10		ладилник	-	±0.00 (260.50)	H=5.00м'	П		26m2	26m2				
			-	зеленило	-	-	-	-		20535m2	-	-				
			-	сообраќај	-	-	-	-	-	19784m2	-	-				
ВКУПНО										55169m2	14850m2	14850m2	27%	0.27		-

2.1.5. Мерки за заштита

Законската регулатива врз основа на која се уредува планскиот опфат, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот план е следна:

- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- Уредбата за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) и Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија“ број 18/99) се вон сила, а се применува единствено Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија“ број 99/16, 246/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 276/19 и 256/21);
- Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16) е вон сила, а се применува Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/20);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21);

- Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15,98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19 и 178/21);

Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22);

Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20);

Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19).

2.1.5.1. Мерки за заштита на животната средина

Право и должност е на Република Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22)

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето. Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

Согласно Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22), заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од не јонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави;
- Примена на соодветни техничко – технолошки мерки;
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;
- Комуналната инфраструктура да биде изведена согласно сите технички прописи, така што да нема опасност од загадување на подземните води.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

Заштитата на животната средина е императив на овој проект. Со овој Урбанистички проектзаштитата се однесува на:

- заштита на воздухот;
- заштита на водата;
- заштита на почвата;
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад.
- заштита од бука

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето. Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина. Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

2.1.5.1.1. Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката.

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.

За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат фабриките и целиот комплекс на ТИРЗ Скопје 1 зоната.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните лица сопственици, односно корисници на определени инсталации коисе извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната /или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/илилокалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

2.1.5.1.2. Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21).

Во локалитетот одведувањето на фекалните отпадни води е решено со изведена фекална канализација. Предвидена е надградба на внатрешната канализација, со приклучоци за новопредвидените градби, а воедно согласно зададените услови предвидена е и локација за изградба на пречистителна станица за локален третман на отпадните води пред испуштање во реципиент.

2.1.5.1.3. Мерки за заштита на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење. Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпримењувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди. Можностите за загадување на почвата и на водата се елиминирани со прифќање на фекалните и атмосферските води и поставувањето на сепаратор за собирање на нечистотиите и маснотиите од водите контаминирани со масла и горива (технолошки води)

2.1.5.1.4. Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата.

Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија“ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/20), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот. Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата.

Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

Зоната ТИРЗ Скопје 1 се наоѓа на соодветно растојаните од населени места со што не би претставувала ризик од прекумерена бучава на населението.

2.1.5.1.5. Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

2.1.5.1.6. Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот.

При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

2.1.5.1.7. Мерки за заштита на животната средина преку организирано прифаќање на цврстиот отпад

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Мерки за намалување или спречување на штетни влијанија во редовни услови и во случајни инциденти. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија, со што ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто

2.1.5.2. Мерки за заштита и спасување

Согласно добиен допис од ДЗС Гази Баба со бр. 09-401/2 од 26.12.2021 потребно во делот мерки за заштита и спасување да се опфатат следните мерки

- Заштита и спасување од пожари
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосфрски непогоди
- Заштита и спасување од свлекување на земјиштето
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи
- Засолнување

Со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 36/11, 93/12, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) и Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба. Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес. Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика. Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа. Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување. Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за

секоја мерка, со уредба го уредува Владата на Република Македонија. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

- изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности,
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа,
- уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување,
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко – угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал. Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби. Во Урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко – технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување и подзаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко – технички мерки се: Засолнување; Заштита и спасување од поплави; Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи; Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства; Заштита и спасување од урнатини; Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи; Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се: Евакуација; Згрижување на загрозеното и настраданото население; Радиолошка, хемиска и биолошка заштита; Прва медицинска помош; Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло; Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и Асанација на теренот.

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи („Службен весник на Република Македонија“ број 105/ 05).Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави,

лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство. Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко - технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер). Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

Согласно добиениот допис од ДЗС Гази Баба; со бр. 09-401/2 ОД 26.12.2021 потребно е да се вградат следните мерки:

<u>Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи</u>

Ширината на сите сообраќајници во проектниот опфат не смее да е помала од 3,5 m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот. Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството, како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 231/20), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ број 26/18), Правилникот за суштинските барања за градежните објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 74/06), Правилникот за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати („Службен весник на Република Македонија“ број 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба („Службен весник на Република Македонија“ број 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи. Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга

противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- со урбанистичкото решение предвидена е хидрантска мрежа.

Со изработка на документацијата треба да се почитуваат мерките за заштита од пожари согласно ширината на пристапниот пат за ПП возила, која не смее да биде помала од 5,5 метри, и да се предвидат надворешни пп хидранти. Да се овозможи непречен пристап за ПП возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Меѓусебното растојание на градбите при проектирање и изведување треба да е 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помалку од 8 метри.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект предвидена е надворешна хидрантска мрежа во склад со Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ број 26/18).

Предвидената хидрантска мрежа е со прстенест систем на цевководи, со пречник Ø100mm, со следниве карактеристики: брзина на водата V = 0,66 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,0045 m/m’, а согласно Член 21 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија“ број 26/18). На хидрантската мрежа се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø100mm. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание не поголемо од 80m. Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Внатрешната хидрантска мрежа во објетите ќе се решава во понатамошните фази, при изработка на основни проекти за градбите

Решението на внатрешниот сообраќај овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила. Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии. Во понатамошната изработка на основни проекти, задолжително да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења („Службен весник на Република Македонија“ број 101/2000).

Предвидената сообраќајна инфраструктура за пристап е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и овозможува непречена интервенција на противпожарните возила. Падот на улицата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

<u>Заштита и спасување од урнатини</u>

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, како и при изготвување на овој Урбанистички проект и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите. Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на

дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства:

- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.
- од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др.,
- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексплодирани убојни средства и др.

Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.

Во Урбанистичкиот проект е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зоните на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение. При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9° по МЦС скалата. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираното сообраќајно решение обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили насообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.л на основните проекти.

При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошка карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

<u>Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди</u>

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

<u>Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето</u>

Со оглед на конфигурацијата на теренот, по насоките од Дирекцијата за заштита и спасување е препорачано е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменити за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита. Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Засолнување

Согласно член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РСМ 93/12), засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови. Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија“ број 80/05). Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 93/05). Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва. На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

Останати мерки за заштита и спасување

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови. Поради ова при преземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Спасување од сообраќајни несреќи

Влезовите во локалитетот, како и во пристапите до сите постојни и новопредвидени граби во комплексот се соодветно решени. Во рамките на самиот комплекс не се очекува голем обем на сообраќај. Оттаму, можноста за сообраќајни несреќи е минимална.

Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа преземање на хигиено – епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат би изнесувал до 10 мин.

Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Составен дел на овој Урбанистички проект се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектниот опфат. За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8,33%. Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички. При изработка на основните проекти за градежната парцела 2.4, се препорачува примена на одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена („Службен весник на Република Македонија“ број 17/15), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија“ број 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 211/20), како и одредбите на членовите 188 – 196 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22).

Мерки за заштита од воени разурнувања, природни и техничкио-технолошки катастрофи

За Урбанистички проект и во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар. Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од IX степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објект.

<u>Мерки за заштита од природни непогоди</u>

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од 9 степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. При реализација наУрбанистичкиот план, согласно членовите 13,14,34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството.

2.1.5.4.1. Мерки за за заштита на природното и културното наследство

2.1.5.4.2. Мерки за заштита на природното наследство

Во рамките на проектниот опфат, како и во рамките на планскиот опфат не е евидентирано природно наследство.

2.1.5.4.3. Мерки за заштита на културното наследство

Во рамките на проектниот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), како и точката 9.12 од Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој Законот;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Став (2) од Членот 129 од Законот подробно опишува дека случајното откритие на заштитено добро или на добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство се пријавува веднаш и се смета дека е извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до Министерството за внатрешни работи, тоа ја доставува пријавата до надлежната јавна установа.

ПЛАНСКИ ДЕЛ ОД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
2.1.6. Прилози кон текстуален дел

Содржина:

1. **Полномошно од Нарачателот**
2. **Имотни листови за земјиштето и градбите во проектниот опфат:**
3. **Проектна програма**
4. **Извод од план**
5. **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога**
6. **Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности**

П О Л Н О М О Ш Н О

Друштво за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Технолошка индустриска развојна зона бр. Скопје 1/ бр.11/1 Илинден, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7059280, управувана од Пиетро Стерпоне, ја овластува фирмата **БИЛД УРБАН ДООЕЛ** Скопје со седиште на Бул. Илинден бр. 107/13 - Скопје и лицето **Бојан Муличковски**, да во наше име ја води постапката за електронско аплицирање се до донесување на:

Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за разработка на ГП 22.1 од Блок 22 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден

Именуваните лица се овластуваат да ги превземат сите потребни дејствија во текот на постапката за одобрување на урбанистичкиот проект се до неговото правосилно завршување.

Инвеститор:
За Аптив Македонија ДООЕЛ Скопје,
Г-дин Пиетро Стерпоне

Јас, НОТАР Снежана Видовска

за подрачјето на основните судови на градот Скопје

Потврдувам дека
за АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ул.Технолошка Индустриска Развојна Зона бр.Скопје 1-бр.22/1, Илинден, ,полномошникот Пиетро Стерпоне, р.Италија , , во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на патна исправа бр.: YB9524181 Издадена од Р.Италија

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 6014/2022

Во Скопје 22.08.2022

НОТАР

Снежана Видовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Комора на подрачјето на основните судови на градот Скопје
НОТАР
СНЕЖАНА
ВИДОВСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-244019/2021 од 20.12.2021 15:53:23

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: ELEKTRONSKI ShALTER
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 5f 25 9d ae
Валиден до: 16.08.2023
Датум и час на потпишување: 20.12.2021 во 15:53:36
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1105-244019/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: БУНАРЏИК

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред.бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА		1/1	Геодетски елаборат за нумерички бр. 184/4-19 од 29.05.2019 изработен од Еверест Инженеринг ДОО – Скопје. -Анекс на Договор за Закуп Оду бр.1052/19 од 19.09.2019 и Договор за закуп ОДУ.бр.650/18 од 21.06.2019 од Нотар	1113-12883/2019	14.11.2019 15:04:48

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
602	6	ВИНАЛО	гз	гиз		47877	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 1		5509	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 2		607	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 3		1	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 4		1	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 5		1	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз 6		1	СОПСТВЕНОСТ			1113-19888/2015	13.01.2016

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-244019/2021 од 20.12.2021 15:53:23

1105-244019/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: БУНАРЏИК

Г.9. Промени во прибележувања

Г9.з.Други факти чие прибележување е предвидено со закон:

Вид на прибележување:

ДОГОВОР ЗА ЗАКУП

Носител на правото на службеност (плодоуживање, употреба и домување):	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Број на зграда/друг објект	Влез/Кат/Број на посебен/заед			Намена на посебен/заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Краток опис на прибележувањето	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура		Класа			Влез	Кат	Број							
602	6	ВИНАЛО	гз	гиз		47877	0								СЕ ПРИБЕЛЕЖУВА АНЕКС БР.2 КОН ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ОДУ БР.25/16 ОД 15.01.2016 Г ОД НОТАР РИСТО. ПАПАЗОВ, СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ОСНОВАЧ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СО БДС 5450411 КАКО ЗАКУПОДАВАЧ И ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ДЕЛФИ ЕЛЕКТРОНИК СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ СО БДС 7059280 КАКО ЗАКУПЕЦ,НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 50 ГОДИНИ.ПОЧНУВАЈЌИ ОД 15.01.2016 Г.	АНЕКС БР.2 КОН ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ОДУ БР.25/16 ОД 15.01.2016 Г ОД НОТАР РИСТО. ПАПАЗОВ. ДОГОВОР ЗА ПРЕНОС НА ПРАВА И ОБВРСКИ ОД ДОГОВР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈИШТЕ ОДУ.БР.12/06 ОД 14.01.2016 ОД НОТАР СНЕЖАНА ВИДОВСКА.	1112-2291/2016	10.02.2016 14:00:01
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		5509	1										
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		1	3										
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		1	4										
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		1	5										
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		1	6										
602	6	ВИНАЛО	гз	зпз		607	2										

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-244019/2021 од 20.12.2021 15:53:23

1105-244019/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: БУНАРЏИК

Г12. ОГРАНИЧУВАЊА И ПРИБЕЛЕЖУВАЊА преземени од стариот електронски систем

Број на катастарска парцела		Бр. на зграда	Влез/Кат/Број на посебен дел од зграда			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Опис	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број					
633	4							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52
638	11							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52
602	3							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 (СЛ.ВЕСНИК НА РМ. 31/09)ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.19-1202/1 ОД 27.02. 2007 ГОД.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ.БР.26/07 ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1И СОГЛАСНО ИСТАТА ОДЛУКА СЕ ДОДАВААТ КП.672/2,КП.633/4,КП. 670/2,КП.638/7 И КП.638/11.	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
602	5							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 (СЛ.ВЕСНИК НА РМ. 31/09)ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.19-1202/1 ОД 27.02. 2007 ГОД.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ.БР.26/07 ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1И СОГЛАСНО ИСТАТА ОДЛУКА СЕ ДОДАВААТ КП.672/2,КП.633/4,КП. 670/2,КП.638/7 И КП.638/11.	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
672	2							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52
602	10							НА КП 602/10 ПОСТОИ ДОГОВОР ЗА ДОЛГОРОЧЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОЛЕМНИЗИРАН ПОД ОДУ. БР.12/2008 ОД 04.01.2008 ОД НОТАР СВЕТЛАНА ПЕТРОВСКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ЗАКУПОДАВАЧ И ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДО- НИЈА АД СКОПЈЕ КАКО ЗАКУПОПРИМАЧ.	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
602	13							ПРАВО НА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА КП 602/13 ВО ТРАЕЊЕ ОД 50 ГОДИНИ ИМА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЏОНСОН МЕТИ ДООЕЛ СКОПЈЕ А ВРЗ ОСНОВА НА ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ БР. 07-1447/1 ОД 6.11.2008 ГОДИНА И БР.03-53/1 ОД 6.11.2008 ГОДИНА СКЛУЧЕН НА ДЕН 6.11.2008 ГОДИНА СО Р.МАКЕДОНИЈА-ВЛАДА НА РМ, СОЛЕМНИЗИРАН ПОД ОДУ.БР.38/08 ОД 7.11.2008 ГОДИНА ОД НОТАР ЛИДИЈА СМИЉАНОСКА.	1113-6904/2018	30.06.2018 10:45:44
602	32							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 (СЛ.ВЕСНИК НА РМ. 31/09)ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.19-1202/1 ОД 27.02. 2007 ГОД.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ.БР.26/07 ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1И СОГЛАСНО ИСТАТА ОДЛУКА СЕ ДОДАВААТ КП.672/2,КП.633/4,КП. 670/2,КП.638/7 И КП.638/11.	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
602	6							ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ,ЗАКУПЕЦ СО ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ПОД БР.04-902/1 ОД 08.06.2007Г.И АНЕКС КОН ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ОДУ 12/16 ОД 14.01.2016 ОД НОТАР СНЕЖАНА ВИДОВСКА СО ЗАКУПОПРИМАЧОТ ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА ДЕЛФИ ЕЛЕКТРОНИК СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ СО ЕМБС 7059280 -АНЕКС ДОГОВОР БР.09-129/7 ОДУ БР.272/16 ОД 26.04.2016 КОН ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП БР.09-129/1 ОД 15.01.2016 НОТАР РИСТО ПАПАЗОВ СКОПЈЕ.	1116-3076/2016	11.05.2016 10:34:11
602	8							АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ ЗАКУПЕЦ СО ДОГОВОР ЗА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРА- ДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ПОД БР.04- 1331/2 ОД 07.08.2007ГОД.	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
602	26							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-244019/2021 од 20.12.2021 15:53:23

1105-244019/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: БУНАРЏИК

Г12. ОГРАНИЧУВАЊА И ПРИБЕЛЕЖУВАЊА преземени од стариот електронски систем

Број на катастарска парцела		Бр. на зграда	Влез/Кат/Број на посебен дел од зграда			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Опис	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број					
602	5							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ, Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3, КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
638	7							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52
602	32							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ, Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3, КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
592	0							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ, Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3, КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
592	0							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 (СЛ.ВЕСНИК НА РМ. 31/09)ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.19-1202/1 ОД 27.02. 2007 ГОД.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ.БР.26/07 ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1И СОГЛАСНО ИСТАТА ОДЛУКА СЕ ДОДАВААТ КП.672/2,КП.633/4,КП. 670/2,КП.638/7 И КП.638/11.	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
602	3							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ, Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3, КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8759/2020	16.10.2020 13:18:00
670	2							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР.31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8185/2017	28.07.2017 14:48:52

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
гиз	градежно изградено земјиште
зпз	Земјиште под зграда
гз	Вештачки неплодни земјишта

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-244019/2021 од 20.12.2021 15:53:23

1105-244019/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: БУНАРЏИК

ДРУШТВО ЗА ПРЕЗЕМ... НА ЗЕМЈИШТЕ ИНЖЕНЕРИНГ И ТР... ДОО СКОПЈЕ
ГЕОФОТО ЗЕНИТ ИНЖЕНЕРИНГ

М.П.

Овластено лице:
Киро Сечков
име и презиме, потпис

Друштво за производство и трговија
АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 01-759
19.08. 2022 год.
СКОПЈЕ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРЕДМЕТ: Проектна програма
ПРОЕКТ: Урбанистички проект за стопански и индустриски намени
НАМЕНА: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
ЛОКАЦИЈА: ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1

Опис на проектниот опфат

Локалитетот се наоѓа во ТИРЗ СКОПЈЕ 1, во КО Бунарџик, на територија на Општина Илинден
.

Друштво за производство, трговија и услуги
ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 03-10
16.07 2007 год.
СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕТО ЗА ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ Е ПРАВОСИЛНО
на 16.07.2007 год.
Датум на заверка: Раководител:
16.07.2007

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
- Сектор за документирање и управување со градежно земјиште -
Број 20 Уп. - 49/14
од 02. 07. 2007 год.
С к о п ј е

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на градителот Друштвото за производство, трговија и услуги ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, без број и датум, за издавање на решение за локациски услови за изградба на градбата "Фабрика за прооизводство на дигитална опрема за автомобили", што треба да се гради во Трговската индустриска развојна зона "Скопје" - Скопско, врз основа на член 205, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ", број 38/05) и член 52, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ", број 51/05) го донесува следното

Р Е Ш Е Н И Е
за локациски услови

I. **СЕ ИЗДАВААТ** локациски услови за изградба на градбата "Фабрика за прооизводство на дигитална опрема за автомобили", што треба да се гради во Трговската индустриска развојна зона "Скопје" - Скопско, на градителот Друштвото за производство, трговија и услуги ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, според графичкиот прилог - ситуација, кој е составен дел на ова решение и е составен дел на одобрениот урбанистички проект со техн. број FO906 од месец Септември 2006 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје, при што градителот треба да ги исполни следните услови:

1. Се задолжува градителот да изработи Студија за оценка на влијанијата на градбата врз животната средина и здравјето на луѓето, без која нема да биде издадено одобрение за градење на градбата;

2. Се задолжува градителот, согласно одредбите на членот 55 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ", број 51/05), да достави доказ за платен надоместок за финансирање на изработка на Просторниот план на Републиката и урбанистички планови, во износ од 0,3% од просечната плата во Републиката од претходната година, по $м^2$ од површината за градење, согласно со основниот проект за изградба на новата градба, без кој нема да биде издадено одобрение за градење на градбата;

3. Согласно одредбите на членот 8, став 1, точка 5 од Законот за технолошките индустриски развојни зони ("Сл. весник на РМ", број 14/07), градителот е ослободен од обврската за изградба на засолништа и од обврската за плаќање на придонес за изградба, одржување и опремување на засолништа;

4. Се задолжува градителот, градбата да ја приклучи на постојната инфраструктурна мрежа на зоната, за што е потребно да достави согласност издадена од Дирекцијата за трговско индустриски и развојни зони од Скопје, без што нема да биде издадено одобрение за градење; и

5. Се задолжува градителот, да достави електроенергетска согласност за приклучување на постојната електрична мрежа, без што нема да биде издадено одобрение за градење;

II. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Со барањето, градителот достави:

1. Доказ за решени имотно-правни - Договор за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу градителот и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од Скопје, со број 04-902/1 од 08.06.2007 година;
2. Одобрен урбанистички проект со техн. број FO906 од месец Септември 2006 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје FO906 од месец Септември 2006 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје;
3. Елаборат за нумерички податоци, број 157/07 од 19.02.2007 година, изработен од Друштвото за премер, картирање и проектирање ГЕО АРТ ДОО од Скопје и заверен во Државниот завод за геодетски работи од Скопје;
4. Претходна согласност на локацијата со Уп. I број 16.11.4-102/1 од 23.02.2007 година, издадена од Министерството за внатрешни работи-Централни полициски сили-Оддел за граѓански состојби-Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи од Скопје;
5. Решение за регистрација на градителот во Централниот регистер на Република Македонија од 16.11.2006 година;

III. Решението за локациски услови, важи 1 година од денот на неговата правосилност.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градителот Друштвото за производство, трговија и услуги ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, до Министерството за транспорт и врски во Скопје, поднесе барање без број и датум, за издавање на решение за локациски услови за изградба на градбата "Фабрика за прооизводство на дигитална опрема за автомобили", што треба да се гради во Трговската индустриска развојна зона "Скопје" - Скопско.

Министерот за транспорт и врски, по проучувањето на барањето, приложената документација со барањето, доказот за решени имотно-правни односи за земјиштето на кое ќе се гради наведената градба, изготвениот и одобрен урбанистички проект и другата неопходна документација доставена со барањето, констатира дека барањето е основано и дека се исполнети условите од членот 52, став 2 и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и врз основа на тоа одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно одредбите на Законот за технолошките индустриски развојни зони ("Сл. весник на РМ", број 14/07), градителот е ослободен од обврската за плаќање на административната такса предвидена со Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси ("Сл. весник на РМ" број 61/04 и 95/05).

ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа на транспортот и врските, урбанизмот и градежништвото и тоа во рок од 15 дена од денот на приемот. Жалбата се таксира со 300,00 денари административни таксени марки.

М И Н И С Т Е Р,

Миле Јанакиески

ДОСТАВЕНО ДО:

- **Градителот**
- **Дирекција за трговски индустриски развојни зони - Скопје;**
- **Државен инспекторат за урбанизам и градежништво; и**
- **Архива;**

Друштво за производство, трговија и услуги
ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 03-23
02.10 2007 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за транспорт и врски
Број : 18 Уп. 398/3 од 28.09.2007год.
С К О П Ј Е

ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ
Е ПРАВОСИЛНО
02. 10. 2007 година
Раководител,

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА дооел Скопје поднесено под број 18 Уп.398 од 13.07.2007год. а врз основа на чл. 51 став 1 и чл. 52 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ" бр. 51/ 2005) , член 205 став 1 и член 209 од Законот за општа управна постапка ("Сл. Весник на РМ" бр. 38/ 2005) , донесува :

О Д О Б Р Е Н И Е З А Г Р А Д Е Њ Е

На градителот ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА дооел Скопје му се одобрува градење на "Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили" што треба да се гради во Трговската индустриска развојна зона "Скопје" - Скопско на КП бр. 602/6; 602/8; 602/9; и 592/2 КО Бунарџик, како објект од 2-ра категорија

Одобрението за градење се издава за целата градба..

Градителот може да ја започне градбата , откако ова одобрение ќе стане конечно и извршно во управната постапка .

Ова одобрение престанува да важи доколку градителот не почне со изградба во рок од две години од денот на конечноста на истото .

Се задолжува градителот, по завршување на градбата, а пред нејзината употреба да побара од овој орган вршење на технички прием на градбата и издавање на одобрение за употреба на истата .

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градителот ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА дооел Скопје, поднесе барање под број 18 Уп.398 од 13.07.2007год. за издавање на одобрение за градење на "Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили" во Трговската индустриска развојна зона "Скопје" - Скопско на КП бр. 602/6; КО Бунарџик.

Со барањето градителот приложи :

Решение за локациски услови бр. 20 Уп 49/14 од 02.07.2007 год издадено од Министерство за транспорт и врски, со заверен урбанистички проект техн. број FO 906 од септември 2006 изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје.
Имотен лист бр. 437 издаден од Државен завод за геодетски работи - Сектор за премер и катастар Скопје под бр.1116/37926 од 28.09.2007год.
комплетен основен проект со техн. број 51/2006 од декември..2006
Том 1. Архитектура и предмер (4 книги), Том 2 Статика (3 книги) Статика-челична конструкција (1 книга), Том3 Машински инсталации -Термотехнички инсталации (3 книги) , Снабдување со гас (4 книги); Том 4 Електро инсталации -Јакострујни инсталации (3 книги); Специјални системи (2 книги); Том 5 Водовод и канализација (3 книги); Том 6 Патишта и сообраќај (3 книги); Том 7 Партер (3 книги); Том 8 Елаборат за ППЗ (4 книги0; Том 9 Елаборат за ХТЗ (4 книги Том 10 Елаборат за топлотна и звучна заштита(3 книги); Том 11 Студија за влијанието на објектот врз животната средина (2 книги); Том 12 Спринклер систем за автоматско гасење на пожар изработени од Прима инженеринг дооел Скопје со тех.бр.51/2006 освен Специјални системи кои се изработени од СЕНСОР ДОО СКОПЈЕ и Елаборат за топлотна и звучна заштита од АДГ Маврово од Скопје
Завршни извештаи од извршената ревизија на основниот проект тех. бр.51/06 извршена од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии"Скопје" Скопје бр. 08-190 од 13.03.2007год. и Ревизија на спринклер систем за автоматско гаснење на пожар од Орион-М Мирко Дооел Скопје бр.47/07 од 24.08.2007год.
Мислење за остварениот квалитет на сеизмичката заштита на конструкцијата на објектот бр.03-672/2 од 30.07.2007год. од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии"Скопје" Скопје.
Известување за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште бр.031560/1 од 05.09.2007год. издадено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Скопје.
Доказ за платен надоместок за финансирање на изработка на просторниот план на Републиката и урбанистичките планови , согласно чл 55 од Законот за просторно и урбанистичко планирање во износ од 156,382.00ден. на Буџет на Р М , и 67,021,00ден на општина Илинден.
Согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.11-3788/2 од 16.07.2007год.
Потврда од Дирекцијата за технолошки индустриски и развојни зони бр. 03-1240/1 од 19.07.2007год.
Времено решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа од Електростопанство на Македонија од 06.09.2007.

Овој орган по службена должност прибави :

Согласност за застапеност на мерките за заштита и безбедност бр.Уп.1.16.11.4-859/1 од 12.09.2007год. издадена од МВР Биро за јавна безбедност Одделение за оружје,експлозивни и опасни материи.

Издаде Протокол за регулациона , градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба бр.18 Уп.398/2 од 04.09.2007год.

Изврши заверка на основниот проект со потпис на овластеното лице и печат .

Врз основа на сето горе изнесено се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова одобрение градителот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Комисијата за решавање на управните работи во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина при Владата на Република Македонија

Жалбата се таксира со 300 ден. административни таксени марки

Барателот е ослободен од плаќање на административни такси согласно чл. 15 од Законот за административни такси ("Сл. Весник на РМ" бр. 20/96) .

Доставено до :
- Градителот ,
- Архива

МИНИСТЕР,
Мите Јанакиески

6/2.3

ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ
Е ПРАВОСИЛНО
14.03.2008 година
Раководител,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Број : 18 Уп. 824/5
од 11.03.2008год.
С к о п ј е

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, без број од 25.12.2007 година, за издавање на одобрение за градење на градбата "Станица за течен азот", што треба да се гради во постојниот комплекс на Фабриката за производство на дигитална опрема за автомобили во "Трговската индустриска развојна зона "Скопје", односно што треба да се гради на КП бр. 602/6; 602/8; 602/9; и 592/2 КО "Бунарџик" и врз основа на член 51, став 1 и член 52 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ", број 51/ 2005) и член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на РМ" бр. 38/ 2005) донесува

О Д О Б Р Е Н И Е З А Г Р А Д Е Њ Е

На градителот ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје му се одобрува градење на градбата "Станица за течен азот", што треба да се гради во постојниот комплекс на Фабриката за производство на дигитална опрема за автомобили во "Трговската индустриска развојна зона "Скопје", односно што треба да се гради на КП бр. 602/6; 602/8; 602/9; и 592/2 КО "Бунарџик".

Градителот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане конечно и извршно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку градителот не почне со изградба на градбата во рок од две години од денот на конечноста на истото.

Се задолжува градителот, по завршување на градбата, а пред нејзината употреба, да побара од овој орган вршење на технички прием на градбата и издавање на одобрение за употреба на истата .

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градителот ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, до Министерството за транспорт и врски, поднесе барање без број од 25.12.2007 година, за издавање на одобрение за градење на градбата "Станица за течен азот", што треба да се гради во постојниот комплекс на Фабриката за производство на дигитална опрема за автомобили во "Трговската индустриска развојна зона "Скопје", односно што треба да се гради на КП бр. 602/6; 602/8; 602/9; и 592/2 КО "Бунарџик".

Со барањето градителот приложи:

Решение за локациски услови број 20 Ун 49/14 од 02.07.2007 година, издадено од Министерство за транспорт и врски, со заверен урбанистички проект со техн. број FO 906 од месец Септември 2006 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот од Скопје;

Комплетен Основен проект и тоа: фаза градежен дел, фаза електроинсталации и проект за противпожарна заштита со техн. број 1999/2008 од месец Јануари 2008 година, сите изработени од Друштвото за проектирање, изведување и истражување БАЛКАН КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ од Скопје, регистрирано во Основниот суд Скопје I од Скопје, под трег. бр. 3043/2001 и Основен технолошко-машински проект, со техн. број ТГС 13/2007 од месец Септември 2007 година, изработен од Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје, регистрирано во Основниот суд Скопје I од Скопје, под трег. бр. 6766/98;

Извештај од извршена ревизија на основниот проект за градбата "Станица за течен азот", што треба да се гради во постојниот комплекс на Фабриката за производство на дигитална опрема за автомобили во "Трговската индустриска развојна зона "Скопје", односно што треба да се гради на КП бр. 602/6; 602/8; 602/9; и 592/2 КО "Бунарџик, извршена од Научно-истражувачка установа Рударски институт од Скопје и тоа: со број 0702-54/1 од 28.01.2008 година - за градежиот дел; со број 0702-26/1 од 18.01.2008 година - за Проектор за противпожарна заштита; без број и датум - за електроинсталации и со број 0702-495/1 од 18.12.2007 година - за технолошко-машински проект;

Согласност на Елаборатот за влијанието на градбата врз животната средина, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање под број 11-3788/2 од 16.07.2007година; и

Потврда издадена од Дирекцијата за технолошки индустриски и развојни зони бр. 03-1240/1 од 19.07.2007година.

Министерството за транспорт и врски, по службена должност прибави:

Согласност за застапеност на мерките за заштита и безбедност, со Уп.бр. 1.17.12.3-220/1 од 19.02.2008 година, издадена од Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност - Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи; и

Согласност за застапеност на мерките за заштита и спасување од пожари, со број 10-661/2 од 15.02.2008 година, издадена од Дирекција за заштита и спасување од Скопје.

Врз основа на горе изнесеното, Министерството за транспорт и врски одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одобрение градителот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Комисијата за решавање на управните работи во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина при Владата на Република Македонија. Жалбата се таксира со 300 ден. административни таксени марки.

Согласно одредбите на Законот за технолошките индустриски развојни зони ("Сл. весник на РМ", број 14/07), градителот е ослободен од обврската за плаќање на административната такса предвидена со Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси ("Сл. весник на РМ" број 61/04 и 95/05).

МИНИСТЕР,

Мирче Манакински

Доставено до :
- Градителот,
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам; и
- Архива

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
Бр. УП 07-5
30.09.2013 год.
Скопје

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, решавајќи по барањето на инвеститорот Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ, од БУНАРЏИК ТИРЗ / 1041, Скопје 1, поднесено под број УП 07-5 од 18.09.2013 година, за издавање на Одобрение за доградба и адаптација на фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили, од Прва категорија, врз основа на член 58 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 38/05, 110/08 и 51/11), го издава следното:

ОДОБРЕНИЕ ЗА ДОГРАДБА И АДАПТАЦИЈА

На инвеститорот Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ, од БУНАРЏИК ТИРЗ / 1041, Скопје 1, му се одобрува Доградба и адаптација на фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили од Прва категорија, на ТИРЗ Бунарџик - Скопје 1 во општина ИЛИНДЕН КП бр. 602/6, КО Бунарџик.

Одобрение за доградба и адаптација се издава за Доградба и адаптација на фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили од Прва категорија, на ТИРЗ Бунарџик - Скопје 1 во општина ИЛИНДЕН КП бр. 602/6, КО Бунарџик.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Се задолжува инвеститорот, по завршувањето на градбата, а пред нејзина употреба, да побара овој орган да му издаде одобрение за употреба на истата.

О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ, поднесе барање бр. УП 07-5 од 18.09.2013 година, за издавање на Одобрение за доградба и адаптација на фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили од Прва категорија, на ТИРЗ Бунарџик - Скопје 1 во општина ИЛИНДЕН, КП бр. 602/6, КО Бунарџик.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Нотарско заверено полномошно од 09.09.2013година од ДПТУ Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ претставувано од страна на Филип Симон и Пол Хендерсон, на Друштво за архитектура, урбанизам и инженеринг ТЕТРАКТИС Кристијан ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, за да ја претставува компанијата пред ДТИРЗ, пред физички и правни лица и пред било кое Владино или Општинско тело, организација или институција и воедно да делува во име на компанијата превземајќи било какви дејствија кои би се стремеле кон и би биле поврзани со процедурите и потребните документи за издавање одобрение за доградба и адаптација, одобрение за употреба и останати акти , мислења и согласности поврзани со соодветните одобренија а кои се однесуваат на ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили во ТИРЗ Скопје 1.

2. Извод од план бр.356, издаден од општина Илинден под број 10-1755/2 од 28.05.2013 година

3. Архитектонско- урбанистички проект со техн. Бр. 07/05-30044/13 изработен од Друштво за архитектура, урбанизам и инженеринг ТЕТРАКТИС Кристијан ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, заверен од Министерство за транспорт и врски бр.02-4839/2 од 04.06.2013 година.

4. Основен проект фази: архитектонски проект, електротехнички проект,градежен проект – конструкција книга 1 и 2, основен сообраќаен проект режим на сообраќај книга 1 и 2, Систем за автоматско гаснење на пожар – Спринклер систем, Водовод и канализација книга 1 и 2, Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, Елаборат за минимални барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор со техн. бр. 07/12-30075/13 изработен од Тетрактис Кристијан. ДООЕЛ Скопје

5. Основен проект фази: патишта -градежен дел книга 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10, со техн. бр. 07/37-30117/12 изработен од Тетрактис Кристијан ДООЕЛ Скопје

6. Основен проект фаза: термотехнички проект, со техн. бр. 07/37-300117/12 изработен од Тетрактис Кристијан ДООЕЛ Скопје

7. Извештај од извршена Ревизија на проектна документација - основниот проект за фази: архитектура, градежни конструкции, термотехнички инсталации, електрични инсталации, водовод и канализација, сообраќајно решение и патишта, проект за заштита од пожар, експлозии и опасни материи (ППЗ), систем за автоматско гаснење на пожар – Спринклер систем и елаборат за безбедност и здравје при работа, со бр. 07/12-30075/13 од извршена од ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје

8. Доказ за право на градење имотен лист бр. 437 КО Бунарџик, со запишано право на долготраен закуп на градежно земјиште бр.04-902/1 од 08.06.2007 година со Р.Македонија, издаден од Агенција за катастар на недвижности.

9. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште изработен од Друштво за премер, картирање и проектирање ГЕО АРТ ДОО – Скопје со бр.157/07 од 19.02.2007, заверен од Агенција за катастар на недвижности бр.1114/1061 од 22.02.2007година.

10. Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за доградба и адаптација во износ од 2500 денари согласно Законот за административни такси и

11. Доказ - акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште согласно закон за ТИРЗ член бр.8 став 1 корисникот на зоната е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште согласно одредбите на законот за градежното земјиште.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

ЈКП Илинден, ДЗС Г. Баба, ЕВН КЕЦ Васил Главинов, ЕВН- Мрежен Инженеринг, ЈКП Водовод - Илинден, Министерство за Внатрешни работи.

Врз основа на горе изнесеното, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова Одобрение за доградба и адаптација може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Државната комисија за одлучување и постапка од работен однос во втор степен.

Таксата по тарифен број 87 од Законот за административни такси во износ од 2.500,00 денари е наплатена и приложена со барањето.

Изработил: Ана Џорџевиќ, д.г.и.
Одобрил: Сашо Трпески, д.г.и.

Директор,
Виктор Мизо

ДОСТАВЕНО ДО:
Инвеститор Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ,
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Архива

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
И ВРСКИ
Бр. 18 Уп.- 605/4
15. 04. 2008 година
С к о п ј е

ОДОБРЕНИЕТО ЗА УПОТРЕБА
Е ПРАВОСИЛНО
29.04.2008 година
Раководител,
заверено на 29.04.2008

Друштво за производство, трговија и услуги
ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 03-1741/4
08.05 2008 год.
СКОПЈЕ

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, поднесено со број 0310-1/2007 од 03.10.2007 година, за извршување на технички прием и издавање на Одобрение за употреба на градбата "Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили ", во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - I-ва фаза: фабрика со партерно уредување и сообраќајници, без: станица за течен азот, пречистителна станица со приклучок до реципиентот, МРС со приклучок на гасовод на природен гас и времен склад за ТНГ, врз основа на член 73, став 2, член 76, став 4 и член 79 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 51/05), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38/05), го издава следното

О Д О Б Р Е Н И Е З А У П О Т Р Е Б А

СЕ ДАВА НА УПОТРЕБА и може да се користи за предвидената намена градбата "Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили ", во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - I-ва фаза: фабрика со партерно уредување и сообраќајници, без: станица за течен азот, пречистителна станица со приклучок до реципиентот, МРС со приклучок на гасовод на природен гас и времен склад за ТНГ, на градителот Друштвото за производство, трговија и услуги ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Градителот, Друштвото за производство, трговија и услуги ЏОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, поднесе барање со број 0310-1/2007 од 03.10.2007 година, за извршување на технички прием и издавање на Одобрение за употреба на градбата "Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили ", во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - I-ва фаза: фабрика со партерно уредување и сообраќајници, без: станица за течен азот, пречистителна станица со приклучок до реципиентот, МРС со приклучок на гасовод на природен гас и времен склад за ТНГ.

Министерство за транспорт и врски, по проучување на барањето утврди дека подносителот ја има доставено со истото потребната документација и прилози предвидени со член 74 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ", број 51/05), односно има доставено:

- Проекти на изведена состојба за фазите: Архитектура и архитектонски детали 1 (една) книга, Статика 1 (една) книга, Јакострујни инсталации 1 (една) книга Термотехнички инсталации 1 (една) книга, Водовод и канализација 1 (една) книга, Патишта и сообраќај 1 (една) книга, Снабдување со гас 1 (една) книга и Надворешни инсталации - партер (архитектура, статика, водоводна инсталација, електрика и менаџер план) 1 (една) книга сите со техн. број 21/2007 од месец Август 2007 година, изработени од ТД за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје;

- Проект на изведена состојба за фаза Статика, со техн. број 011-54/01 од месец Август 2007 година, изработен од АД "Металец" од Прилеп;

- Комплет графички прилози за изведената состојба на инсталациите за заштита од пожари на градбата, изработени од Тотал Фире Протецтион Б.В. од Холандија, со техн. број S601601;

- Завршен извештај главниот надзорен инженер, со број 03-966 од 31.10.2007 година, од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" АД од Скопје;

- Извештај за техничката исправност на извршените работи на градбата, со број 09-2422/1 од 03.10.2007 година од Трговското друштво за градежништво, проектирање, консалтинг, трговија и услуги МАВРОВОИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје;

- Потврда за извршена исплата дадена од изведувачот Трговското друштво за градежништво, проектирање, консалтинг, трговија и услуги МАВРОВОИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје, со број 03-3530 од 01.10.2007 година;

- Записник - листа за контрола на квалитет на изведените работи, без број од 20.11.2007 година, изготвена од градителот;

- Проект за бетон со бр. 09-49 од 26.02.2007 год. од АДГ "Маврово" Скопје и Завршен извештај од извршената ревизија на проектот за бетон со бр. 03-226/2 од 04.04.2007 год. изготвен од Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" - Скопје;

- Договор за времен приклучок на дистрибутивна мрежа, склучен помеѓу градителот и АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија "Електростопанство на Македонија" од Скопје, со број 03-142 од 09. 04.2008 година (заверен кај градителот);

- Одобрение за употреба на градбата "Разводен гасовод со ГМРС за Слободната економска зона "Бунарџик" - Скопје, со број 18 Уп. - 65/2 од 03.03.2008 година, издадено од Министерството за транспорт и врски;

- Одобрение за употреба на градбата "Дистрибутивна гасоводна мрежа за природен гас во склоп на Технолошко индустриско развојната зона "Скопје" - Скопје, со број 18 Уп. - 440/5 од 09.04.2008 година, издадено од Министерството за транспорт и врски; и

- Одобрение за употреба на градбите "Пречистителна станица за отпадни води", "Мерно-регулациона станица за природен гас" и "Станица за течен азот", што треба да се градат во постојниот комплекс на Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - како II^ра фаза од изградбата на комплексот на фабриката, со број 18 Уп. - 299/3 од 11.04.2008 година, издадено од Министерството за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски, по службена должност со Решение број 18 Уп.-605/3 од 14.11.2007 година формира Комисија за вршење на технички прием на градбата, која изврши технички прием на 06.12.2007 година и со Записник констатира дека градбата која е предмет на техничкиот прием, изградена од изведувачот Трговското друштво за градежништво МАВРОВО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје е во согласност со завереиот Основен проект кој се состои од: Том 1: Архитектура и предмер 4 (четири) книги; Том 2: Статика 3 (три) книги; Статика-челична конструкција 1 (една) книга; Том 3: Машински инсталации - Термотехнички инсталации 3 (три) книги; Снабдување со гас 4 (четири) книги; Том 4: Електро инсталации - Јакострујни инсталации 3 (три) книги; Специјални системи 2 (две) книги; Том 5: Водовод и канализација 3 (три) книги; Том 6: Патишта и сообраќај 3 (три) книги; Том 7: Партер 3 (три) книги; Том 8: Елаборат за ППЗ 4 (четири) книги; Том 9: Елаборат за ХТЗ 4 (четири) книги; Том 10: Елаборат за топлотна и звучна заштита 3 (три) книги; Том 11: Студија за влијанието на објектот врз животната средина 2 (две) книги; Том 12: Спринклер систем за автоматско гасење на пожар изработени од Прима Инженеринг ДООЕЛ од Скопје, со тех. бр. 51/2006, освен Специјални системи кои се изработени од СЕНСОР ДОО СКОПЈЕ и Елаборат за топлотна и звучна заштита изработен од АДГ Маврово од Скопје. На Основниот проект извршена е ревизија и тоа: Завршни извештаи од извршената ревизија на основниот проект со тех. бр. 51/06, извршена од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје - Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" од Скопје, со број 08-190 од 13.03.2007година и Ревизија на спринклер систем за автоматско гаснење на пожар изготвена од Орион - М Мирко ДООЕЛ од Скопје со број 47/07 од 24.08.2007година. За градбата е издадено одобрение за градење со број 20 Уп.-398/3 од 28.09.2007 година, од страна на Министерството за транспорт и врски.

По извршениот технички прием, Комисијата даде предлог градбата која е предмет на техничкиот прием да се даде во употреба, по што, Министерството за транспорт и врски одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

Со издавањето на Одобрението за употреба на наведениот објект, изведувачот и градителот се должни да извршат примопредавање на градежниот објект на начин опишан во член 81 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 51/05).

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа на урбанизмот и градежништвото, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Одобрение. Жалбата се таксира со 300,00 денари административни таксени марки.

Согласно одредбите на членот 15 од Законот за административните такси ("Сл. весник на РМ", број 61/04 и 95/05), подносителот на барањето е ослободен од плаќањето на административните такси

МИНИСТЕР,
Миле Јанакиески

ДОСТАВЕНО ДО:

- Градителот х 2;
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
- Архива;
- Досие по предметот;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
И ВРСКИ
Бр. 18 Уп.- 299/3
29.04.2008 година
Скопје

Друштво за производство, трговија и услуги
ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 05 - 174/3
08 - 05 2008 год.
СКОПЈЕ

ОДОБРЕНИЕТО ЗА УПОТРЕБА
Е ПРАВОСИЛНО
25.04.2008 година
заверено на: Раководител,
29.04.2008

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, поднесено со број 03-113 од 29.02.2008 година, за извршување на технички прием и издавање на Одобрение за употреба на градбите "Пречистителна станица за отпадни води", "Мерно-регулациона станица за природен гас" и "Станица за течен азот", што треба да се градат во постојниот комплекс на Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - како II^ра фаза од изградбата на комплексот на фабриката, врз основа на член 73, став 2, член 76, став 4 и член 79 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 51/05), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38/05), го издава следното

О Д О Б Р Е Н И Е З А У П О Т Р Е Б А

СЕ ДАВА НА УПОТРЕБА и може да се користат за предвидената намена градбите "Пречистителна станица за отпадни води", "Мерно-регулациона станица за природен гас" и "Станица за течен азот", што треба да се градат во постојниот комплекс на Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - како II^ра фаза од изградбата на комплексот на фабриката, на градителот Друштвото за производство, трговија и услуги ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Градителот, Друштвото за производство, трговија и услуги ЦОНСОН КОНТРОЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ од Скопје, поднесе барање со број 03-113 од 29.02.2008 година, за извршување на технички прием и издавање на Одобрение за употреба на градбите "Пречистителна станица за отпадни води", "Мерно-регулациона станица за природен гас" и "Станица за течен азот", што треба да се градат во постојниот комплекс на Фабрика за производство на дигитална опрема за автомобили во Трговско индустриско развојната зона "Скопје" - како II^ра фаза од изградбата на комплексот на фабриката.

Министерство за транспорт и врски, по проучување на барањето утврди дека подносителот ја има доставено со истото потребната документација и прилози предвидени со член 74 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ", број 51/05), односно има доставено:

- Проект на изведена состојба за мерно-регулациона станица - градежен дел, со техн. број ОПГ 4/07 од месец Септември 2007 година, изработен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје;
- Проект на изведена состојба за мерно-регулациона станица - машински дел, со техн. број ОПМ 2/07 од месец Септември 2007 година, изработен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје;
- Проект на изведена состојба за мерно-регулациона станица - градежен дел, со техн. број ОПЕ 3/07 од месец Септември 2007 година, изработен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје;
- Проект на изведена состојба за пречистителна станица за отпадните води од Фабриката за дигитална опрема за автомобили "Бунарџик" - Македонија со техн. број 003/2008 од месец Јануари 2008 година, изработен од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Проект на изведена состојба на станица за течен азот - статика, со техн. број 1999/2008 година, изработен од Друштвото за проектирање, изведување и истражување БАЛКАН КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ од Скопје;
- Проект на изведена состојба на станица за течен азот - електро-инсталации, со техн. број 1999/2008 година, изработен од Друштвото за проектирање, изведување и истражување БАЛКАН КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ од Скопје;
- Проект на изведена состојба на станица за течен азот - технолошко-машински дел, со техн. број ТГС 13-2/2007, изработен од Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје;
- Завршен извештај главниот надзорен инженер за извршениот надзор на мерно-регулациона станица, со број 03-966/3 од 17.03.2008 година, од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" АД од Скопје;
- Изјава за исправност на инсталацијата за снабдување со природен гас и приклучната мерно-регулациона станица, без број и датум, дадена од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје;
- Потврда за извршена исплата дадена од изведувачот Трговското друштво за градежништво, проектирање, консалтинг, трговија и услуги МАВРОВОИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје, со број 03-3530 од 01.10.2007 година;
- Завршен извештај од надзорниот инженер за пречистителната станица за отпадни води, без број од 21.12.2007 година од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Изјава од надзорниот орган за пречистителна станица за отпадни води, со број 026/08 од 10.02.2008 година од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Изјава за извршена исплата дадена од изведувачот Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје, со број 026/08 од 10.02.2008 година;

- Записник за пуштање во работа на пречистителната станица за отпадни води број 024/2007 од 23.11.2007 година, изготвен од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Записник за техничка контрола на пречистителна станица за отпадни води со број 144/07 од 23.11.2007 година, изготвен од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Записник за предавање на техничка документација за пречистителна станица за отпадни води (сертификат ФП 00080/07 и упатство за ракување и одржување), со број 00300211/07 од 28.11.2007 година, изготвен од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје;
- Завршен извештај за извршениот надзор на станицата за течен азот, со број 0702-1491/1 од 20.03.2008 година, изготвен од Научна установа РУДАРСКИ ИНСТИТУТ од Скопје;
- Изјава дадена од изведувачот Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје, дека опремата поставената во станицата за течен азот е нивна сопственост, без број и датум;
- Изјава дадена од изведувачот Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје дека станицата за течен азот е изведена во согласност со основниот технолошко-машински проект и важечките прописи за ваков вид на инсталации, без број и датум;

Министерството за транспорт и врски, по службена должност со Решение број 18 Уп.-299/2 од 25.03.2008 година формира Комисија за вршење на технички прием на градбата, која изврши технички прием на 10.04.2008 година и со Записник констатира дека градбите кои се предмет на техничкиот прием, изградени од изведувачите Трговското друштво за градежништво МАВРОВО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО од Скопје, Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје и Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје, е во согласност со заверените основни проекти кои се состојат од: комплетен основен проект за изградба на мерно-регулациона станица за природен гас со техн. број 1 од месец Март 2007 година (градежен дел, машински дел, електро дел, применети мерки за заштита на околината, применети мерки за заштита при работа и применети мерки за заштита од пожар), изработени од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз од Скопје; комплетен основен проект за изградба на пречистителна станица за отпадни води со техн. број 1-110/2007 од месец Октомври 2007 година изработен од Друштвото за производство, промет и увоз-извоз ФЛУИД ПРОЕКТ ДОО од Скопје и комплетен основен проект за изградба на станица за течен азот (фаза-градежен дел, фаза - електро инсталации и проект за противпожарна заштита) со техн. број 1999/2008 од месец Јануари 2008 година изработени од Друштвото за проектирање, изведување и истражување БАЛКАН КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ од Скопје и основен технолошко-машински проект со техн. број ТГС 13/2007 од месец Септември 2007 година изработен од Друштвото за производство на индустриски гасови ТГС ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ АД од Скопје. На Основните проекти извршена е ревизија и тоа: Извештај за извршена ревизија на основниот проект за изградба на мерно-регулациона станица за природен гас изготвена од ревизиски тим од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје назначен со решение со број 03-804 од 14.09.2007 година; Извештај за извршена ревизија на основниот проект на пречистителната станица за отпадни води со број 05-181/07 од месец Октомври 2007 година извршена од ЕНВИРОН ДООЕЛ од Скопје и Извештај од извршена ревизија на основниот проект за изградба на станица за течен азот со број 0702-54/1 од месец Јануари 2008 година (за градежниот дел), со

број 0702-26/1 од месец Јануари 2008 година (за проект за противпожарна заштита), без техн. број и датум (за електро-инсталациите) и број 0702-495/1 од месец Декември 2007 година (за техничко-технолошкиот проект) извршени од Научно-истражувачка установа Рударски институт од Скопје. За градбите се издадени одобренија за градење со број 18 Уп - 639/8 од 23.01.2008 година (за мерно-регулационата станица за природен гас), број 18 Уп - 640/3 од 26.11.2007 година (за пречистителна станица за отпадни води) и број број 18 Уп - 824/5 од 11.03.2008 година (за станицата за течен азот), сите издадени од страна на Министерството за транспорт и врски.

По извршениот технички прием, Комисијата даде предлог градбите кои се предмет на техничкиот прием да се дадат во употреба, по што, Министерството за транспорт и врски одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

Со издавањето на Одобрението за употреба на наведениот објект, изведувачот и градителот се должни да извршат примопредавање на градежниот објект на начин опишан во член 81 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 51/05).

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа на урбанизмот и градежништвото, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Одобрение. Жалбата се таксира со 300,00 денари административни таксени марки.

Таксата по тарифен број 1 и 69 од Законот за изменување и дополнување на Законот за admini-стративни такси ("Сл. весник на РМ", бр.20/96) во износ од 4550,00 денари е наплатена, а доказот за извршената уплата е приклучен кон барањето.

МИНИСТЕР,
Мите Јанакиески

ДОСТАВЕНО ДО:

- Градителот х 2;
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
- Архива;
- Досие по предметот;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-160301/2014 од 07.11.2014 09:00:20

1105-160301/2014

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ПРЕПИС
Катастарска општина: БУНАРЏИК

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

Г5.1.ПРАВО НА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (ЗГЗ)

Закуподавец:	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	0000000000001	СКОПЈЕ
Носител на правото на долготраен закуп на градежно земјиште	**ЕМБГ / ЕМБС**	**Адреса / Седиште**
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ВЕШТАЧКИ ВЛАКНА Н И	6677398	СКОПЈЕ ; УЛ. ТИРЗ СКОПЈЕ 1 ББ

Можност за пренесување на правото на долготраен закуп согласно со правниот основ	Можност за наследување на правото на долготраен закуп согласно со правниот основ	Можност за оптоварување на правото на долготраен закуп согласно со правниот

Број на катастарска парцела		Број на зграда/друг објект	Влез/Кат/Број на посебен/ заеднички дел од зграда			Намена на посебен/ заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Надоместок на закупот		Рок на траење	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број					Се плаќа (Да)	Не се плаќа (Не)				
602	22												Потврдување на приватна исправа - договор за долготраен закуп на градежно земјиште ОДУ бр .44/12 од 24.01.2012 година на Нотар Ристо Папазов и геодетски елаборат за нумерички податоци дел.бр.11/4898 од 24.11.2011 година на Алфа Геодет.	1113-6157/2014	07.05.2014 13:51:34

Г8.1.Други права чие запишување е утврдено со закон

Вид на право:
ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Носител на правото:	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште
ДПТУ СМР АУТОМОТВИС СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ	6720803	СКОПЈЕ ; БУЛ. ОКТОМВРИСКА РЕВОЛУЦИЈА БР. ББ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Број на зграда/друг објект	Посебен/ заеднички дел од			Намена на посебен/ заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Краток опис на правото	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура	Класа			Влез	Кат	Број								

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-160301/2014 од 07.11.2014 09:00:20

1105-160301/2014

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ПРЕПИС
Катастарска општина: БУНАРЏИК

Г12 ОГРАНИЧУВАЊА И ПРИБЕЛЕЖУВАЊА преземени од стариот електронски систем

Број на катастарска парцела		Бр. на приод	Влез/Кат/Број на посебен дел од зграда			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Опис	Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број					
672	2							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3,КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
716	0							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 (СЛ.ВЕСНИК НА РМ. 31/09)ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР.19-1202/1 ОД 27.02. 2007 ГОД.(СЛ.ВЕСНИК НА РМ.БР.26/07 ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ СЕ ЗАМЕНУВА СО ЗБОРОВИТЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1И СОГЛАСНО ИСТАТА ОДЛУКА СЕ ДОДАВААТ КП.672/2,КП.633/4,КП. 670/2,КП.638/7 И КП.638/11.	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
602	12							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3,КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
602	19							ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА БР.19-1202/1 ОД 27.02.2007ГОД. ОД ВЛАДА НА РМ ЗА ОСНОВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ,Е ОСНОВАНА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД 99 ГОДИНИ,НА ЗЕМЈИШТЕ ОД КП 592, КП 603/3,КП 602/5 И ДЕЛ ОД 1053 М2 ОД КП 716 КО БУНАРЏИК,СО ПРАВО НА УПРАВУВАЊЕ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНО- ЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СО ПРАВО ДА ГО ДАВА ПОД ЗАКУП СОГЛАС- НО ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (СЛ.ВЕСНИК НА Р.М.БР. 14/07).	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
638	7							ПРОМЕНИТЕ СЕ ВРШАТ ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКА РАЗОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ БР.19-861/1 ОД 24.02.2009 ГОД ОД ВЛАДА НА РМ(СЛ.ВЕСНИК НА РМ БР. 31/09) ЗА КП 633/4,КП 670/2,КП 672/2, КП 638/7 И КП 638/11.	1113-8157/2014	07.05.2014 13:51:35
▸еден број	БЛОК	број на градежна парцела	површина во рамките на градежна парцела	максимално дозволен Р	максимално дозволен К	максимално дозволена површина за градба	површина на заштитно зеленило м2	максимална висина до венец	наменска употреба на земјиштето
1	Блок 1	1,1	4744,3	70	2,5	3321,01	4176,12	10 м	Г
2		1,2	196						Г5
3		1,3	7700,411	70	2,5	5390,2877	3756,42	10 м	Г
4		1,4	204						Г5
5		1,5	8272,15	70	2,5	5790,505	1990,21	10 м	Г
6		1,6	8142,78	70	2,5	5699,946	1820,8	10 м	Г
7		1,7	5956,82	70	2,5	4169,774	2761,35	10 м	Г
8		1,8	196						Г5
9	Блок 2	2,1	10362,529	70	2,5	7253,7703	8018,48	10 м	Г
10		2,2	196,07						Г5
11	Блок 3	3,1	17692,69	70	2,5	12384,883	2999,56	10 м	Г
12	Блок 4	4,1	24870,8	70	2,5	17409,56	3264,45	10 м	Г
13		4,2	172,88						Г5
14		4,3	172,88						Г5
15	Блок 5	5,1	24870,8	70	2,5	17409,56	3264,45	10 м	Г
16		5,2	172,88						Г5
17		5,3	172,88						Г5
18	Блок 6	6,1	21824,47	70	2,5	15277,129	3120,04	10 м	Г
19		6,2	167,75						Г5
20		6,3	175,75						Г5
21	Блок 7	7,1	21672,28	70	2,5	15170,596	3113,88	10 м	Г
22		7,2	171,6						Г5
23		7,3	173						Г5
24	Блок 8	8,1	15368,84	70	2,5	10758,188	1032,2	10 м	Г
25		8,2	2024,45	70	2,5	1417,115	485,17	10 м	Г
26		8,3	171						Г5
27		8,4	5174,72	70	2,5	3622,304	1634,46	10 м	Г
28		8,5	173,4						Г5
29	Блок 9	9,1	18541,19	70	2,5	12978,833	2949,15	10 м	Г
30		9,2	171,67						Г5
31		9,3	173,12						Г5
32	Блок 10	10,1	128916,26	70	2,5	90241,382	8498,9	10 м	Г
33		10,2	172,61						Г5
34		10,3	172,88						Г5
35		10,4	187,12						Г5
36		10,5	173,98						Г5
37	Блок 11	11,1	24870,8	70	2,5	17409,56	3264,46	10 м	Г
38		11,2	172,88						Г5
39		11,3	172,88						Г5
40	Блок 12	12,1	27211,38	70	2,5	19047,966	2382,72	10 м	Г
41		12,2	170,8						Г5
42		12,3	171,2						Г5
43		12,4	27209,99	70	2,5	19046,993	2355,12	10 м	Г
44		12,5	140,4						Г5
45		12,6	140,4						Г5
46	Блок 13	13,1	16304,44	70	2,5	11413,108	5410,01	10 м	Г
47		13,2	154						Г5
48	Блок 14	14,1	13271,83	70	2,5	9290,281	3515,01	10 м	Г
49		14,2	207,81						Г5
50		14,3	20489,44	70	2,5	14342,608	1857,25	10 м	Г
51		14,4	11146,71	70	2,5	7802,697	1493,4	10 м	Г
52		14,5	196						Г5
53		14,6	19059,05	70	2,5	13341,335	1499	10 м	Г
54	Блок 15	15,1	4183,92	70	2,5	2928,744	652,93	10 м	Г
55		15,2	2962,66	70	2,5	2073,862	563,18	10 м	Г
56		15,3	170,8						Г5
57		15,4	17692,91	70	2,5	12385,037	564,48	10 м	Г
58		15,5	172,88						Г5

59	Блок 16	16,1	12561,38	70	2,5	8792,966	1642,15	10 м	Г
60		16,2	172,88						Г5
61		16,3	12309,4	70	2,5	8616,58	1623,32	10 м	Г
62		16,4	172,88						Г5
63	Блок 17	17,1	12734,32	70	2,5	8914,024	1642,15	10 м	Г
64		17,2	172,88						Г5
65		17,3	12310,68	70	2,5	8617,476	1623,31	10 м	Г
66		17,4	171,55						Г5
67	Блок 18	18,1	12918,85	70	2,5	9043,195	1639,54	10 м	Г
68		18,2	173,58						Г5
69		18,3	14403,19	70	2,5	10082,233	1748,2	10 м	Г
70		18,4	172,76						Г5
71	Блок 19	19,1	13431,59	70	2,5	9402,113	1661,48	10 м	Г
72		19,2	175						Г5
73		19,3	15563,28	70	2,5	10894,296	1812,22	10 м	Г
74		19,4	171,76						Г5
75	Блок 20	20,1	13307,67	70	2,5	9315,369	1656,06	10 м	Г
76		20,2	174,07						Г5
77		20,3	14041,22	70	2,5	9828,854	1733,92	10 м	Г
78		20,4	172,56						Г5
79	Блок 21	21,1	9452,92	70	2,5	6617,044	1490,13	10 м	Г
80		21,2	173,01						Г5
81		21,3	9308,78	70	2,5	6516,146	1470,83	10 м	Г
82		21,4	172,18						Г5
83	Блок 22	22,1	55169,27	70	2,5	38618,489	3762,74	17 м	Г
84		22,2	21660,29	70	2,5	15162,203	2101,59	10 м	Г
85		22,3	170,3						Г5
86		22,4	196,03						Г5
87	Блок 23	23,1	30558,5	70	2,5	21390,95	2733,3	10 м	Г
88		23,2	175,92						Г5
89		23,3	172,88						Г5
90		23,4	19310,83	70	2,5	13517,581	2225,19	10 м	Г
91		23,5	23010,03	70	2,5	16107,021	2225,19	10 м	Г
92		23,6	173,16						Г5
93		23,7	172,9						Г5
94	Блок 24	24,1	21811,73	70	2,5	15268,211	2177,03	10 м	Г
95		24,2	172,88						Г5
96		24,3	172,85						Г5
97		24,4	21768,8	70	2,5	15238,16	2174,05	10 м	Г
98		24,5	172,88						Г5
99		24,6	172,9						Г5
100	Блок 25	25,1	12574,97	70	2,5	8802,479	4912,49	10 м	Г
101		25,2	153,72						Г5
102	Блок 26	26,1	25592,49	50	2,5	12796,245	5123,31	10 м	В4
103		26,2	196						Г5
104	Блок 27	27,1	11798,645	70	2,5	8259,0515	2300,3	10 м	Г
105		27,2	196						Г5
106		27,3	13596,25	70	2,5	9517,375	2193,69	10 м	Г
107		27,4	25537,36	70	2,5	17876,152	3170,063	10 м	Г
108	Блок 28	28,1	43088,57	50	2,5	21544,285	2193,69	10 м	В4
109		28,2	196,9						Г5
110		28,3	192						Г5
			998559,575			678115,5325	133478,843		

111	Вкупна површина		
112	Вкупна површина само под Г5	=	10199,94
113	Вкупна површина под Г	=	919678,58
114	Вкупна површина под В4	=	68681,06
	ВКУПНО		998559,6



- Државни институции- царинска контрола, терминали и сл.

13. Третман на цврстиот отпад

Со Проектот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

Секој вид друг отпад кој може да се очекува како нуз производ од дејности кои се дефинирани во член 35 од Законот за технолошки индустриски развојни зони (Сл. Весник на РМ бр. 14/07), мора да се третира дополнително, преку посебните Идејни проекти за секој поединечен субјект во Зоната.

14. Оградување на Зоната

- со жичана ограда, поцинковано челично плетиво прицврстено на армирано-бетонски столбови со мала површина на пресек.

15. Елементи на обликување на градежните објекти

За сите објекти се предвидува употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со максимална термичка и звучна изолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој.

Горенаведените инфраструктурни зафати, поврзани со големи инвестициони средства, директно го условуваат успешното функционирање на сите предвидени намени и функции со Урбанистичкиот проект.

УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Со Условите за градење се утврдуваат условите за разработка на површините за градба како комплекс од градби и се основа за изработка Урбанистичкиот проект, односно се основа за проектирање (изработка на Идеен проект) на градбите согласно член 50, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (пречистен текст), "Сл. Весник на РМ бр.24/08".

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Основа за изработка Општи услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и бр.140/07), специфичноста на планскиот концепт во развојни фази на Зоната, како и планско-проектанските барања.

ПЛАНСКИ ОПФАТ

Член 1

Планскиот опфат опфаќа територија од **140.18ха**. Се наоѓа на источната страна на (ТИРЗ) - "Бунарџик".

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и бр.140/07). Границата на опфатот е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 7 од Правилникот. Во графичките прилози границата на опфатот е прикажана со линија која ги поврзува сите

прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно. Границата на опфатот е претставена и описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка, од реден број 1 до 83, кои се претставени табеларно:

Реден бр.	X	Y	
1	550570.2571	649441.6074	најзападна точка
2	550733.2127	649351.9577	
3	550757.3495	649337.5756	
4	550786.0229	649322.0723	
5	550838.4814	649292.6632	
6	550888.3844	649263.0368	
7	550916.5658	649249.1601	
8	550939.3940	649234.4471	
9	551017.5824	649190.1464	
10	551145.4988	649134.1727	
11	551312.2070	649067.4531	
12	551411.1741	649036.8796	
13	551538.9117	649003.2496	
14	551567.6286	648997.6174	
15	551745.8169	648965.1924	
16	551888.8732	648955.5964	
17	552084.1574	648948.4118	најјужна точка
18	552428.0432	648960.9109	
19	552708.9993	648973.5591	
20	552858.0599	648980.3327	
21	552960.8481	648984.2693	
22	553066.4344	648990.0299	најисточна точка
23	553066.2260	648999.0473	
24	553065.9563	649014.2395	
25	553063.9100	649088.2000	
26	553061.6000	649138.1500	
27	553059.3000	649188.0900	
28	553057.0000	649238.0400	
29	553054.9885	649289.3258	
30	553052.9555	649337.4080	
31	553051.1059	649381.4369	
32	553048.0661	649470.9715	
33	553047.2644	649495.6450	
34	553044.6159	649551.1175	
35	553043.4235	649588.4006	
36	552924.3978	649584.7811	
37	552854.9523	649581.7939	
38	552599.7814	649572.7623	
39	552347.4740	649562.4903	
40	552272.5861	649559.4422	
41	552247.5879	649558.6815	
42	552223.0486	649527.8315	



43	552195.4475	649497.5802	
44	552116.0696	649506.6838	
45	552104.1663	649507.4813	
46	552089.0284	649536.1142	
47	552064.5988	649562.5379	
48	551989.9435	649620.5243	
49	551977.5210	649545.4842	
50	551972.1699	649546.6302	
51	551946.6270	649552.0375	
52	551895.6309	649562.6732	
53	551825.8558	649576.9866	
54	551798.9602	649581.9885	
55	551749.4665	649592.4754	
56	551747.4161	649588.7010	
57	551709.3048	649599.8849	
58	551659.9222	649614.2010	
59	551610.6923	649628.1952	
60	551579.8070	649636.0300	
61	551577.0824	649629.6763	
62	551536.6178	649639.9633	
63	551496.9056	649649.4377	
64	551489.1356	649650.9505	
65	551475.7147	649624.1234	
66	551462.3946	649630.1746	
67	551416.8454	649650.5747	
68	551371.4517	649671.0610	
69	551323.8048	649692.4724	
70	551329.5766	649702.1830	
71	551302.8613	649719.0477	
72	551260.7047	649745.9132	
73	551217.5343	649774.6060	
74	551211.9821	649767.1882	
75	551196.4019	649779.1926	
76	551201.0320	649787.0893	
77	551184.8039	649796.3609	
78	551189.0578	649803.5960	
79	551158.1195	649820.8979	
80	551115.0918	649844.5479	
81	551070.1332	649868.8761	најсеверна точка
82	551058.2416	649864.9494	
83	550950.5731	649770.2353	

ПОДЕЛБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Член 2

Планската територија во границите на опфатот е поделена на 42 Урбанистички блокови и тоа:

- **Блок 1-25, 27** - основна намена:

Производство, дистрибуција и сервиси - класа на намена Г, односно лесна и незагадувачка индустрија, класа на намена Г2 и стоваришта, класа на намена Г4, како и градби од класа на намена Г5, дистрибутивни трафостаници 20/0,4kV; 2x1000kVA, пречистителни станици за третман на отпадната вода, парцела за Главната мерна регулациона станица;

- **Блок 26** - основна намена:
  Јавни институции - класа на намена В, односно Државни институции (царина) - класа на намена В4 (влезно- излезен царински терминал со административна зграда и терминал за лесни и тешки возила);
- **Блок 28** - основна намена:
  Јавни институции - класа на намена В, односно Државни институции (царина) - класа на намена В4 (железнички терминал);
- Инфраструктурниот блок 3 има наменска употреба Г5, за главна напојна трафостаница 110/10(20)kV; 2x40MVA;
- Дел од Блок 15 (ГП15.1) има наменска употреба Г5 (за Гасна мерна регулациска станица).

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Член 3

Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при издавање локациски услови, како и при изготвување основниот проект за градба или комплекс кој припаѓа во локалитетот кој е предмет на овој Урбанистички проект, согласно Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ број 53/05, 81/05 и 24/07).

Член 4

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање локациски услови, како и при изготвување основниот проект за градба или комплекс на градби, кои припаѓаат во Зоната, предмет на овој Урбанистички проект, согласно Законот за одбрана (Сл. Весник на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04 и 49/04) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр.29/05). Воедно, треба да се има во предвид и Член 8, став 5 од Законот за Технолошки индустриски развојни зони (Сл. Весник на РМ бр.14/07) со кои корисниците во Зоната се ослободуваат од изградба на засолниште (по исклучок од Законот за заштита и спасување).

Член 5

При идна урбанистичка разработка на Зоната обврзно да се предвиди заштитен појас меѓу инкомпатибилните наменски употреби на земјиштето, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

Член 6

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл.71 од Законот за заштита на културно наследство - Сл.Весник на РМ бр.20/04 и бр.115/07).

Во текот на реализација на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04 и бр.115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО - КЛАСИ НА НАМЕНИ

Член 7

Дејностите во Зоната се дефинирани во дел шести, Член 35 од Законот за Технолошки индустриски развојни зони (Сл. Весник на РМ бр.14/07), со посебен осврт на оние дејности кои изричито се забранети во ТИРЗ (точка 3 од истиот член).

Со овој Урбанистички проект, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 140/07):

1. **Јавни институции- класа на намена В**
2. **Производство, дистрибуција и сервиси- класа на намена Г**

Од **јавните институции (В)** се предвидуваат:

- државни институции - царина - управна административна зграда, со терминал за тешки и лесни возила, класа на намена В4, во УБ 26;
- државни институции - царина - железнички терминал, класа на намена В4, во УБ 28;

Во наменската употреба **производство, дистрибуција и сервиси (Г)** се предвидуваат:

- лесна и незагадувачка индустрија, класа на намена Г2
- стоваришта, класа на намена Г4
- инфраструктура, класа на намена Г5

Овие наменски употреби, се предвидуваат да се постават во рамките на блоковите од УБ1 до УБ25 и во УБ27. Предвидени се и посебни два Урбанистички блокови за инфраструктурните градби и тоа: дел од УБ15 (ГП15.1) за Мерна гасна регулациска станица и Инфраструктурен блок 3 за трафостаница 110/10(20)kV.

Покрај овие две класи на намени, во рамките на блоковите се предвидува заштитно зеленило, класа на намена Д2, во сите блокови покрај улиците и на површините према оградата на Зоната или градежната парцела, како и во горниот дел од Зоната каде што конфигурацијата на теренот не дозволува имплементација на други содржини.

Член 8

За сите содржини - градби во Зоната, решението за локациски услови да се издаде врз основа на Архитектонско - Урбанистички проект и Идејни проекти, согласно важечките законски регулативи.

ПАРЦЕЛАЦИЈА
Член 9
Линијата на градежната парцела се поклопува со Регулацискатa линија, всушност претставува затворена регулациска линија во рамките на еден Урбанистички блок. Ова се однесува и при спојувањето на одредени блокови, пришто се добива нова затворена Регулациска линија.
Парцелација, односно дефинирање на градежните парцели со нивни димензии во рамките на одредени Урбанистички блокови е утврдена во неколку Блокови, како и за градбите од инфраструктурата и тоа за ГМРС и за дистрибутивните трафостаници, за кои соодветно се дадени нумерички показатели.

УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА
Член 10
За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 12 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО И ОЗЕЛЕНЕТОСТ
Член 11
Во локациски услови за уличната мрежа и градбите, покрај другите услови, се вградуваат и следните услови за оформување на пејсажот:

- Долж улиците да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со висина до 6м, кои се карактеристични за поднебјето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за движење на пешаците во летниот период (функционално заленило). Овој коридор да има прекини на секои 50м (осовински) со должина на прекинот од 10м, во кој треба да се постават грмушки, аранжирани со друг вид декоративно зеленило.
- Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент, со садници од групата на листопадни и зимзелени дрва, кои се карактеристични за локалитетот.
- Зелените површини, обврзно да се уредат врз основа издадени локациски услови за градба, произлезени од утврден идеен проект во склоп на Идејните проекти, посебно за секој корисник во Зоната, кој покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата хортикултура. Во идните развојни фази на земјиштето со оваа наменска употреба, може да се предвидат трим-патеки, површини со клупи за одмор, простори за спортување и др.

Се препорачуваат следните типови вегетација:

- Дрвја

Липари: Betula verrcasa, Sorbus aria, Robinia pseudoacacia, Tilia argentea, Salix alba, var. vittelina pendula, Ulmus sp. Acor pseudoplatanus var. agropupurea, Cercis siliguostaum, Prunus pisartli, Acer platonoides.

Четинари: Larix sp., Pinus sp., Picea sp.

- Грмушки

Листовидни: Cotengasier horizontalis, Mahonia agifolium, Crateggus monolgyna, Cudonija japania, Deutzija gracilis, Cornus alba, Hibiscus siriacus, Spiraga van auttgi, Porsythia antermedia, Hyorangga hortgnisis, Whigesa hybrida, Vibornum opulus, Lonicera sp.

Четинари: Yuniperus horizontalis,Taxus bacata, Chamaecuparis lowsoniana, Thuja sp.

Хортикултурните решенија немаат обврзност кон оваа препорака.

ДРУГИ ОПШТИ УСЛОВИ

Член 12

Во дефинирање на Локациските услови за предвидените градби во Зоната се пропишува и следното:

- да се применат сеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина (со исклучок на Г5);
- да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;

Член 13

При издавање локациски услови за сé што со овие одредби не е пропишано или дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 14

Основа за изработка на Архитектонско- Урбанистичките проекти за секоја градежна парцела (со една или повеќе градби) се Посебните услови за градење. Од Архитектонско- Урбанистичките проекти произлегуваат Локациските услови за издавање соодветно Решение за локациски услови. Посебните услови за градење во оваа планска документација се однесуваат на секоја градежна парцела во рамките на Урбаниот опфат и тоа:

Блок 1

Градежна парцела 1.1

Намена: производство, дистрибуција и сервиси Г

Површина на градежна парцела	4744,3м^2
Мах. Процент на изграденост (Р)	70%
Мах. Коефициент на искористеност	2,5
Дозволена вкупна изградена површина за градба	3321,01м^2
Површина на заштитно зеленило	4176,12м^2
Мах. висина до венец	10м

Паркирање: Во рамките на парцелата, со број на паркиралишни места според Архитектонско-Урбанистички проект, согласно чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

Мах. агол на кров	35^0

Се дозволува една или повеќе градби во Градежната парцела.

Градежна парцела 1.2

Паркирање: Во рамките на парцелата, со број на паркиралишни места според Архитектонско-Урбанистички проект, согласно чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Мах. агол на кров 35^0
Се дозволува една или повеќе градби во Градежната парцела.

Градежна парцела 21.4
Намена: инфраструктура – дистрибутивна трафостаница Г5

Површина на градежна парцела 172.18м^2

*

Блок 22

Градежна парцела 22.1
Намена: производство, дистрибуција и сервиси (Johnson Controls) Г

Површина на градежна парцела 55169.27м^2
Мах. Процент на изграденост (Р) 70%
Мах. Коефициент на искористеност 2,5
Дозволена вкупна изградена површина на приземје 38618.489м^2
Површина на заштитно зеленило 3762.74м^2
Мах. висина до венец 17м
Паркирање: Во рамките на парцелата, со број на паркиралишни места според Архитектонско-Урбанистички проект, согласно чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Мах. агол на кров 35^0
Се дозволува една или повеќе градби во Градежната парцела.

Градежна парцела 22.2
Намена: производство, дистрибуција и сервиси Г

Површина на градежна парцела 21660.29м^2
Мах. Процент на изграденост (Р) 70%
Мах. Коефициент на искористеност 2,5
Дозволена вкупна изградена површина на приземје 15162.203м^2
Површина на заштитно зеленило 2101.59м^2
Мах. висина до венец 10м
Паркирање: Во рамките на парцелата, со број на паркиралишни места според Архитектонско-Урбанистички проект, согласно чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Мах. агол на кров 35^0
Се дозволува една или повеќе градби во Градежната парцела.

Градежна парцела 22.3
Намена: инфраструктура – дистрибутивна трафостаница Г5

Површина на градежна парцела 170.3м^2

Градежна парцела 22.4
Намена: инфраструктура – дистрибутивна трафостаница Г5

Површина на градежна парцела 196.03м^2

*

Блок 23

Градежна парцела 23.1
Намена: производство, дистрибуција и сервиси Г

Површина на градежна парцела	196.9м^2
Градежна парцела 28.2	
Намена: инфраструктура – дистрибутивна трафостаница	Г5
Површина на градежна парцела	192м^2

*

ДРУГИ ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 15

градежни линии

Со овој Урбанистички проект се утврдува Градежна линија која во рамките на еден Урбанистички блок се поклопува со Регулациската линија утврдена за секој Урбанистички блок, односно со линијата на градежната парцела. (Од практични причини Градежната линија не е исцртана во графичките прилози, но е прикажана само Регулациската линија).

Се дозволува вкрупнување на градежната локација со спојување на два или повеќе Урбанистички блокови, при што се анулираат внатрешните Регулациски линии, но надворешните, периферни Регулациски линии, кои го формираат новиот Урбанистички блок, мора да се испочитуваат, како регулациски линии утврдени со мрежата - матрицата во овој Урбанистички проект, односно да се дистанцирани од ивицата на тротоарот за 5м покрај улиците, а да се поклопат со Регулациската линија покрај булеварите.

Член 16

површини за градење

Површините за градење се во корелација со Градежните линии и ќе се утврдат од условите произлезени од претходниот Член од овие одредби, а дефинирани со Идејниот проект за секоја градба, посебно и во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) на земјиштето и Проценти на изграденост (Р) на земјиштето.

Член 17

Максимална височина на градбите, бројот на спратови и височина на грбината (слемето)

Од добиеното писмо од Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба, се условува височина на објектите на 10м, бидејќи дел од зоната е зафатен со "лепезата" на полетно-слетната зона на аеродромот "Александар Велики".

Поголема височина од дозволените со овој Урбанистички проект е можна само со претходна согласност од надлежната институција за цивилна воздушна пловидба (Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба). Овие услови мора да се испочитуваат при изработка на наредната проектна документација, за развој на Зоната.

За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.

Член 18

Други елементи, кои се прилог на Локациските услови, се оние кои ги дефинираат трасите на примарните инфраструктурни водови со нивните прекршни точки во X и Y геодетски координати (дигитално отчитани - на Нарачателот се приложува дигитален векторски запис на CD).

Водењето на трасите да се изврши врз основа на цртежот кој претставува пресек на подземните инсталации и потребните димензии на ровот.

Член 19

При издавање локациски услови за сé што со овие одредби не е дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ГАСИФИКАЦИЈАТА

Член 20

Проектирањето, поставувањето и изградбата на примарната гасоводна мрежа (p_r=4bar), мора да биде во согласност со Одлуката за техничките услови и нормативи за проектирање и изградба на дистрибутивни гасоводни системи во Р. Македонија (Сл. весник, бр.45/90).

Член 21

Минималната длабочина на поставување на гасоводот изнесува:

- во нормални услови - 0,8 м до горниот дел на цевката;
- во отежнати услови на кратки делници се дозволува намалување на длабочината на поставување до 0,6 м;
- во каменита почва не помалку од 0,5 м.

Член 22

Кога гасоводот се вкрстува со патишта и улици или кога се поставува под пат, тротоар, банкина, насип или одводен канал, истиот мора да биде заштитен со заштитна цевка, бетонски канал, бетонска плоча, завеса и др. При тоа минималната длабочина се определува според конструкцијата и сообраќајното оптоварување, така да осигурува "заштитен слој" помеѓу конструкцијата на патот и заштитната цевка или горната површина на бетонска плоча со дебелина минимум од 0,3 до 0,5 метри. Длабочината на горната површина на патот и горната заштитна цевка, плоча и др. не смее да биде помала од 1 метар.

Член 23

На подземните гасоводи се предвидени контролни цевки за проверка на евентуално истекување на гасот:

- на местата на приклучување на гасоводот;
- на аглите на свртување на гасоводот;

на места на пресекување со подземни инженерски комуникации кои се поставени во канали.

Член 24

Минималните дозволени растојанија на гасоводот од друг гасовод и друга техничка инфраструктура при вкрстување и паралелно водење треба да се во согласност со член 14 од "Одлуката за техничките нормативи за проектирање и изградба на дистрибутивни гасоводни системи во СР. Македонија (Сл. весник, бр.45/90).

Минимално дозволени растојанија, (м)		
	Пресекување	Паралелно водење
Гасоводи меѓусебно	0,2	0,6
Од гасовод до топловод, водовод и канализација	0,2	0,3
Од гасовод до проодни канали на топловоди	0,5	1,0
Од гасовод до електро кабли со низок и висок напон	0,3	0,6
Од гасовод до телефонски кабли	0,3	0,5
Од гасовод до цевковод на хемиска индустрија и технолошки флуиди	0,2	0,6
Од гасовод до бензиска станица	-	5,0
Од гасовод до шахти или канали	0,2	0,3
Од гасовод до високи зелени посеви	-	1,5

Минимално дозволени растојанија при вкрстување и приближување на гасовод со електро-енергетски водови според член 15 изнесуваат:

Номинален напон (kV)	До темелот на столбот Вкрстување (м)	Од осовината на столбот Паралелно водење (м)
до 1	1	1
од 1 до 10	5	5
од 1 до 35	10	8
поголемо од 35	10	10

Член 25

Мерно-регулационите станици се поставуваат на оградени локации во посебно изградени објекти или метални ормани на посебни темели на следните растојанија од различни објекти:

Објект	Најмало хоризонтално растојание (м)
до зграда и до други објекти	15
до железничко-трамвајска пруга	15
до автопат (до работ)	8

Член 26

Локациските услови за изградба на ГМРС да се издадат врз основа овој Урбанистички проект и Идеен проект за истата.

Локациските услови за изградба на цевната гасоводна инсталација (мрежа) да се издадат врз основа овој Урбанистички проект и Идеен проект за истата со обврзно почитување на одредбите дефинирани во Член 7 до Член 11 од посебните услови за гасификација.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

Член 27

Снабдувањето со вода да се врши од Регионалниот водоснабдителен систем "Јурумлери", или од бунарите во атарот на селото Трубарево.
Доколку се користат водите од бунарите во с. Трубарево претходно да се изврши пробно експлоатационо и санитарно хигиенско испитување, со што ќе се утврди капацитетот и исправноста на водата за пиење.

Член 28
Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Член 29
Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на фекалните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман-пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената градежна парцела.

Пречистителната станица може да биде и заедничка лоцирана во рамките на една или повеќе градежни парцели, врз основа договор меѓу два или повеќе корисници во Зоната, а локациските услови за изградба за истата да се издадат врз основа на Идеен проект за градбите, кои се врзани за пречистителната станица и за пречистителната станица.

Член 30
Секоја градба да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на атмосферските води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

Член 31
Локациските услови за изградба на водоводната инсталација (мрежа) да се издадат врз основа идеен проект за истата.
Локациските услови за изградба на канализациската мрежа, како и изместувањето на постоечката фекална канализациска мрежа, која поминува низ Зоната, да се издадат врз основа идеен проект за истите.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ЕЛЕКТРОСНАБДУВАЊЕТО, ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ
Член 32
Локациските услови за изградба на електричната дистрибутивна мрежа и соодветно градбите (трафостаниците) да се издадат врз основа Идеен проект за истата.
Локациските услови за изградба на трафостаницата 110/10(20)kV да се издадат врз основа Идеен проект за истата.
Точната позиција и бројот на дистрибутивните трафостаници во рамките на градежната парцела ќе бидат утврдени со Архитектонско- Урбанистички проект.

Елементи на обликување на објектите во Зоната

За сите објекти да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Објектите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, како услов за заштеда на енергијата, како елемент од стратегијата за одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

Планирана височина на објектите

Со оглед на тоа што делот на Зоната е зафатен со "лепезата" на полетно-слетната зона на аеродромот "Александар Велики", височината на градбите во ТИРЗ Скопје 1 е ограничена до 10м. Поголема височина од дозволените со овој Урбанистички проект е можна само со претходна согласност од надлежната институција за цивилна воздушна пловидба (Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба). Овие услови мора да се испочитуваат при изработка на наредната проектна документација, за развој на Зоната.

За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.М. број 53/05, 81/05 и 24/07). Планските решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој план. Со овој плански документ заштитата се однесува на:

- заштита на воздухот;
- заштита на водата;
- заштита на почвата;
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад.

ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ

Релативно чистиот воздух може да биде загаден во дозволени граници, бидејќи се предвидува голем број од градбите да имаат уреди за централно греење кои како енергент ќе користат природен гас.

Природниот гас е најчисто гориво при согорување во однос на останатите фосилни горива. Составен е во најголем процент од метан и главниот продукт од неговото согорување се јаглерод диоксидот и водената пара. Јагленот и нафтата за разлика од природниот гас содржат многу покомплексни молекули, со висок процент на јаглерод, азот и сулфурни компоненти. Ова значи дека при нивното согорување се јавува високо ниво на штетни емисии на јаглерод, азотни оксиди (NO_x) и сулфур диоксид (SO_2) и истовремено се испуштаат честички и супстанци кои не согоруваат и дополнително ја загадуваат атмосферата. Од друга страна, при согорување на природниот гас се

испуштаат многу мали количества на сулфур диоксид и азотни оксиди, практично нема пепел или други честички, а нивото на ослободен јаглендиоксид, јаглен моноксид и други јагленоводороди е многу пониско во однос на јагленот и нафтата.

Ниво на Емисија од Фосилни Горива
- pounds per Billion Btu на Енергетски влез

Полутант	Природен гас	Нафта	Јаглен
CO_2	117.000	164.000	208.000
CO	40	33	208
NO_x	92	448	457
SO_2	1	1.122	2,591
Честички	7	84	2.744
Жива	0.000	0.007	0.016

извор: EIA - Natural Gas Issues and Trends 1998

Поради ваквите показатели може да се заклучи дека природниот гас, како супстионент на другите фосилни горива, може ефикасно да се употреби за намалување на емисијата на полутанти во атмосферата и појавата на смогот која е карактеристична особено за урбаните центри.

Секој друг извор на загадување на воздухот ќе се утврди дополнително преку посебните Идејни проекти за секој поединечен корисник -субјект во Зоната, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на воздухот, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

ЗАШТИТА НА ВОДАТА

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

(Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки ***по настанатиот проблем,*** *што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина),* ***превентивната заштита*** *на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.)*

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без

хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник -субјект во Зоната.

Секој друг извор на загадување на водата ќе се утврди дополнително преку посебните Идејни проекти за секој поединечен субјект во Зоната, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на водата, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

ЗАШТИТА НА ПОЧВАТА

Со проектите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

Секој друг извор на загадување на почвата ќе се утврди дополнително преку посебните Идејни проекти за секој поединечен субјект во Зоната, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на почвата, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ОРГАНИЗИРАНО ПРИФАЌАЊЕ НА ЦВРСТИОТ ОТПАД

Со планот се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остатокот од цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија.

Секој друг вид отпад, технолошки или друг вид отпад, а кој може да се очекува како нуз продукт од дејности кои се дефинирана во делот 6, Член 35 од Законот за Технолошки Индустриски Развојни Зони (Сл.Весник на Р.М. број 14/07), мора да се третира дополнително, преку посебните Идејни проекти за секој поединечен субјект во Зоната, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на третманот на отпадот, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

Мерки за намалување или спречување на штетни влијанија во редовни услови и во случајни инциденти

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето на гас или вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор со широчина од 5м и можни нивни оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.
При изработка на Идејните проекти за секој субјект поединечно, оврзно е да се утврдат мерките од можни случајни инциденти и да се предложат заштитни мерки.

КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).
Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (пречистен текст) "Сл. Весник на РМ бр.24/08", во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Во писмото заведено под број 0801-54/2, од 19.03.07 од Конзерваторски центар Скопје, известуваат дека Урбанистичкиот Проект за локалитетот кој е предмет на овој план, може да се работи без Конзерваторски основи, односно не се регистрирани и не се евидентирани археолошки наоѓалишта.

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04 и 49/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Мерките за заштита и спасување се базираат и врз основа на писмото од Дирекцијата за заштита и спасување (заведено под број 09-2563/2, од 03.08.07), од кое е евидентно дека посебна стратегија за заштита и спасување за овој простор не постои, а се однесуваат во случај на пожар, во случај на воени разурнувања и во случај на природна катастрофа. Градбите лоцирани врз основа на класите на наменска употреба на земјиштето означена со„ Г" можат да индицираат технолошки катастрофи.

Мерки за заштита од пожар

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и со проектни елементи на улиците;
- Заштитни појаси помеѓу одделни класи на наменска употреба на земјиштето;
- Елементи на партерот, како потпорни ѕидови, огради, ормарчиња за електро, односно телекомуникациски инсталации, насади и други партерни елементи, како бариери за движење и интервенција на ПП-возилата;
- Надворешна хидрантска мрежа;
- Водење на другата инфраструктурна мрежа.

Предвидената сообраќајна инфраструктура поставена ортогонално со непречени кружни токови и со хоризонталните и вертикалните елементи на

коловозот овозможуваат непречена интервенција на противпожарните возила. Индустриските улици се со коловози 2x3.5м и со хоризонтални радиуси од 22м. Централната улица е од булеварски тип со две ленти со по два коловози од 3.5м и заштитен појас помеѓу двете ленти од 4м. Раскрсниците се решени со хоризонтални радиуси од 22м. Падот на улиците е со различни вредности и се движи во рамките на дозволените нагиби согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Вака дефинирани елементи на уличната мрежа и висината на објектите кога се поклопува градежната со регулациската линија овозможуваат непречено движење на ПП возилата.
При идна урбанистичка разработка на Зоната обврзно да се предвиди заштитен појас меѓу некомпатибилните наменски употреби на земјиштето, со широчина предвидена со нормативите, што овозможува заштита од пожар.
Предвидена е доводна мрежа на технолошка вода со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, а нејзината поставка мора да се дефинира со Идејните проекти за секој субјект во зоната, поединечно, а во согласност со ПП норми и стандарди.
Водењето на другата инфраструктура е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.
Со планот се предвидува загревање на комплексите и градбите преку засебни централни уреди за греење, кои ќе користат природен гас.
Природниот гас кој се испорачува преку гасоводниот систем на Република Македонија го има следниот хемиски компонентен состав изразен во молски проценти:

Компоненти		Mol %
Метан	CH_4	97.930
Етан	C_2H_6	0.816
Пропан	C_3H_8	0.298
и-Бутан		0.053
н-Бутан		0.051
и-Пентан		0.01
н-Пентан		0.008
Хексан		0.003
Хептан		0.003
Азот	N_2	0.767
Јаглерод двооксид	CO_2	0.060

Најголемиот волуменски дел (97.930%) во природниот гас го сочинува метанот, кој е наједноставен гас од групата парафини, без боја, вкус и мирис. Не е отровен но, во поголеми концентрации го разредува кислородот од околниот воздух и го отежнува дишењето. Во случај кислородот од работната средина да се намали за 15%, настануваат големи тешкотии во дишењето. Метанот спаѓа во групата на експлозивни гасови, бидејќи со воздухот создава експлозивни смеши, во случај кога неговата концентрација во смесата е поголема од одредена минимална вредност т.н. долната граница на експлозивност (Ld=5vol%), односно помала од одредена максимална вредност т.н. горната граница на експлозивност (Lg=16vol%).

Природниот гас гори со син пламен. Долната топлинска моќ се движи во границите H_d=33.00 MJ/nm^3- 33.90 MJ/nm^3, а специфичната тежина е 0.715g/dm^3. За согорување на 1m^3 гас потребни се околу 2m^3 кислород или околу 9.5 m^3 воздух. При тоа во воздухот се испуштаат 1m^3 CO_2, околу 2m^3 водена пареа односно 8,4m^3 димни гасови во чиј состав најголемо процентуално учество има азотот.
Имајќи предвид дека природниот гас е експлозивен гас пред транспортирање задолжително се прочистува од тешки јагленоводороди и други штетни примеси. Бидејќи е без боја, мирис и вкус од безбедносни причини се додаваат соодветни миризливи супстанци т.н. одоранти како метилмеркаптан или технички етилмеркаптан.
Покрај одорантите, како штетен продукт од користењето на природниот гас се јавува и јагленоводородниот кондензат кој претставува течна фаза на смеша од гас и кондензат. Тој спаѓа во групата на материи од IV класа на опасност. Границите на запалување (експлозија) и температурата на запалување на пареата од јагленводородниот кондензат е значително помала отколку кај природниот гас. По физичките особини е сличен како лесните нафтени продукти (бензин, петролеј или дизел гориво). Јагленводородниот кондензат, навлезен во цевководите и арматурата за гас, ја зголемува опасноста од пожар и експлозија на местата каде што се врши ремонт.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.
Надлежна ПП единица е во Скопје, на приближно растојание од 6.5км и потребно време од 10 минути за пристигнување до влезот - излезот во Зоната.

Мерки за заштита од воени разорнувања
Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената Улична мрежа со своите патни проектни елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на населението и вработените во Зоната,
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од аспект заштита од воени разурнувања.
Не се очекува затрупување на улиците со урнатини бидејќи дозволената височина на градбите е лимитирана во случај кога градбата или дел од градбата е поставена на Регулациската линија.
Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и објекти и нивно оштетување.
Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект, посебно за секоја градба или комплекс или комплекс од градби.

Мерки за заштита од природни катастрофи

Земјотрес со поголем интензитет е можна природна катастрофа на овој локалитет. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција. Во случај на можни разурнувања, планскиот концепт и планските решенија на уличната мрежа обезбедуваат:

- брза и непречена евакуација на населението и вработените во Зоната,
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичката анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Мерки за заштита од технолошки катастрофи

Технолошкте катастрофи не се исклучени. Во случај на можни технолошки катастрофи, планскиот концепт и планските решенија на уличната мрежа обезбедуваат:

- брза и непречена евакуација на населението и вработените во Зоната,
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од технолошки катастрофи.

Другите елементи за заштита од технолошки катастрофи, да се утврдат со посебниот елаборат , како составен дел на Основниот проект за градби или комплекс од градби, кадешто може да дојде до технолошка катастрофа и за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или за кои се утврдува потреба за спроведување постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, (Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина, Сл.Весник на Р.М. број 74/05).

Дејностите во Зоната изричито се дефинирани во дел шести, Член 35 од Законот за Технолошки индустриски развојни зони (Сл. Весник на Р.М. број14/07), со посебен осврт на оние дејности кои се забранети во ТИРЗ (точка 3 од истиот член).

ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата. На овој простор условеноста од рељефот незначително ги диктира планските решенија за сообраќајниците, за фекалните и атмосферските инфраструктурни водови.

